1830 2
Službeni vesnik SR
Makedonija
91001 Skopje
fah 51

СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик. – Огласи според тарифата – Жиро сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-21943

Петок, 5 јули 1985
БЕЛГРАД
БРОЈ 33 ГОД. XLI

Цена на овој број е 90 динари. – Претплатата за 1985 година изнесува 3.000 динари – Рок за рекламации 15 дена. – Редакција Улица Јована Ристића бр. 1. Пошт. фах 226. – Телефони: Централа 650-155: Уредништво 651-885; Служба за претплата 651-732; Телекс 11756

444.

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СУПЕРГАРАНЦИЈА НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА ОБВРСКИТЕ НА КОНЗОРЦИУМОТ НА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ БАНКИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗГРАДБАТА НА ТРАНСЈУГОСЛОВЕНСКИОТ АВТОПАТ „БРАТСТВО–ЕДИНСТВО" КАКО ГАРАНТ ПО III ЗАЕМ ОД ЕВРОПСКАТА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА ЗА ДЕЛУМНО ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗГРАДБАТА НА ОДДЕЛНИ ДЕЛНИЦИ НА ТРАНСЈУГОСЛОВЕНСКИОТ АВТОПАТ „БРАТСТВО–ЕДИНСТВО"

Се прогласува Законот за супергаранција на федерацијата за обврските на Конзорциумот на југословенските банки за финансирање на изградбата на трансјугословенскиот автопат „Братство–единство", како гарант по III заем од Европската инвестициона банка за делумно финансирање на изградбата на одделни делници на трансјугословенскиот автопат „Братство–единство", што го усвои Собранието на СФРЈ на седницата на Соборот на републиките и покраините од 28 јуни 1985 година.

П бр. 459
28 јуни 1985 година
Белград

Претседател
на Претседателството на СФРЈ,
Радован Влајковиќ, с.р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
Илијаз Куртеши, с. р.

ЗАКОН

ЗА СУПЕРГАРАНЦИЈА НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА ОБВРСКИТЕ НА КОНЗОРЦИУМОТ НА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ БАНКИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗГРАДБАТА НА ТРАНСЈУГОСЛОВЕНСКИОТ АВТОПАТ „БРАТСТВО–ЕДИНСТВО", КАКО ГАРАНТ ПО III ЗАЕМ ОД ЕВРОПСКАТА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА ЗА ДЕЛУМНО ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗГРАДБАТА НА ОДДЕЛНИ ДЕЛНИЦИ НА ТРАНСЈУГОСЛОВЕНСКИОТ АВТОПАТ „БРАТСТВО–ЕДИНСТВО"

Член 1

Федерацијата презема обврска, како супергарант, за обврските на Конзорциумот на југословенските банки што го претставуваат Удружена београдска банка, Београд, Удружена банка Хрватске, Загреб и Љубљанска банка – Здружена банка Љубљана за финансирање на изградбата на трансјугословенскиот автопат „Братство-единство", како гарант по III заем од Европската инвестициона банка за делумно финансирање на изградбата на одделни делници на трансјугословенскиот автопат „Братство–единство", до износот од 12,312.609,120 динари, зголемен за износот на договорената камата и за трошоците на заемот.

Динарскиот износ од став 1 на овој член ќе се зголеми односно ќе се намали за износот на курсната разлика, ако се промени вредноста на пресметковната единица врз основа на која е утврдена височината на заемот.

Член 2

Федерацијата ги презема обврските од член 1 на овој закон под услов основната односно здружената банка на корисникот на заемот неотповикливо да му гарантира на Конзорциумот на југословенските банки за финансирање изградбата на трансјугословенскиот автопат „Братство–единство" дека, ако корисникот на заемот не ја изврши својата обврска најдоцна пет дена пред рокот на втасувањето на обврската спрема Европската инвестициона банка, основната односно здружената банка ќе ја изврши таа обврска.

Член 3

Ако корисникот на заемот или неговата основна односно здружена банка не ја изврши обврската од член 2 на овој закон, федерацијата, преку Народната банка на Југославија, ќе му обезбеди средства на Конзорциумот на југословенските банки за финансирање на изградбата на трансјугословенскиот автопат „Братство–единство" за извршување на обврските по заемот за кој на Европската инвестициона банка ѝ дал гаранција.

Народната банка на Југославија, во случајот од став 1 на овој член, ќе ги примени спрема основната односно здружената банка на корисникот на заемот мерките предвидени во член 16 од Законот за плаќањата во конвертибилни девизи.

Член 4

Ако федерацијата, како супергарант, ги обезбеди средствата од член 1 на овој закон, републиките односно автономните покраини се обврзуваат дека ќе ѝ ги надоместат тие средства, и тоа секоја република односно автономна покраина – делот од средствата што ги користела самоуправната интересна заедница за патишта од нејзината територија.

Ако републиката односно автономната покраина, во рок од 15 дена од денот кога ѝ е соопштено дека федерацијата ја извршила обврската од член 1 на овој закон, не го пренесе соодветниот износ на средства врз федерацијата, Службата на општественото книговодство на Југославија по налог од сојузниот секретар за финансии, ќе го пренесе во корист на федерацијата соодветниот износ на средства од приходите на републиката односно автономната покраина.

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

445.

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ДЕЛ ОД СРЕДСТВАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА СОЈУЗНИТЕ СТОКОВНИ РЕЗЕРВИ НА ИНДУСТРИСКИ ПРОИЗВОДИ

Се прогласува Законот за дополненија на Законот за обезбедување дел од средствата за финансирање на сојузните стоковни резерви на индустриски производи, што го усвои Собранието на СФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 28 јуни 1985 година.

П бр. 460
28 јуни 1985 година
Белград

Претседател
на Претседателството на СФРЈ,
Радован Влајковиќ, с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
Илијаз Куртеши, с. р.

ЗАКОН

ЗА ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ДЕЛ ОД СРЕДСТВАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА СОЈУЗНИТЕ СТОКОВНИ РЕЗЕРВИ НА ИНДУСТРИСКИ ПРОИЗВОДИ

Член 1

Во Законот за обезбедување дел од средствата за финансирање на сојузните стоковни резерви на индустриски производи („Службен лист на СФРЈ", бр. 30/84), во член 2 се додава нов став 2, кој гласи:

„Народната банка на Југославија во 1985 година од средствата на примарната емисија ќе го даде преостанатиот износ на кредитот од став 1 на овој член што не го дала во 1984 година."

Член 2

Во член 7 се додава нов став 2, кој гласи:

„Средствата на кредитот од член 2 став 2 на овој закон, што не ѝ се дадени на Сојузната дирекција за резерви на индустриски производи во 1984 година, а кои Народната банка на Југославија ќе ги даде во 1985 година, ќе ги користи Сојузната дирекција за стоковни резерви согласно со одредбите на сојузниот закон со кој се уредуваат сојузните стоковни резерви и со прописите донесени врз основа на него."

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

446.

Врз основа на член 281 став 1 точка 5 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со член 286 став 3 точка 4 од Уставот на Социјалитичка Федеративна Република Југославија и со член 26 став 3 од Законот за Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини и по прибавеното мислење од Сојузниот извршен совет и од извршните совети на собранијата на републиките и извршните совети на собранијата на автономните покраини, Собранието на СФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 28 јуни 1985 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА ЗАВРШНАТА СМЕТКА И НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ФОНДОТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА КРЕДИТИРАЊЕ НА ПОБРЗИОТ РАЗВОЈ НА СТОПАНСКИ НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНИТЕ РЕПУБЛИКИ И АВТОНОМНИ ПОКРАИНИ ЗА 1984 ГОДИНА

Се потврдува Завршната сметка на Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини за 1984 година, што ја донесе Собранието на Фондот со своја одлука 02 бр. 93/3-85 од 6 март 1985 година и Извештајот за работењето на Фондот на федерацијата, за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини во 1984 година, што го донесе Собранието на Фондот со својата одлука 02 бр. 93/2-85 од 6 март 1985 година.

Собрание на СФРЈ

АС бр. 540
28 јуни 1985 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
Илијаз Куртеши, с. р.

Претседател
на Соборот на републиките и покраините,
Методи Антов, с. р.

447.

Врз основа на член 281 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со член 286 став 3 точка 4 од Уставот на Социјалитичка Федеративна Република Југославија, Собранието на СФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 28 јуни 1985 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВАТА СОБРАНИЕТО НА СФРЈ ДА БИДЕ УЧЕСНИК ВО СКЛУЧУВАЊЕТО НА ОПШТЕСТВЕН ДОГОВОР ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД СРЕДСТВАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ ЦЕНТАР ЗА ТЕОРИЈА И ПРАКТИКА НА САМОУПРАВУВАЊЕТО „ЕДВАРД КАРДЕЉ" ВО ЉУБЉАНА

1. Се усвојува иницијативата Собранието на СФРЈ да биде учесник во склучувањето на Општествен договор за обезбедување на дел од средствата за финансирање на Програмата за работа на Југословенскиот центар за теорија и практика на самоуправувањето „Едвард Кардељ" во Љубљана.

2. Се определува Одборот за финансии на Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ да учествува во постапката на подготовката на овој општествен договор и, по согласноста постигната со другите учесници, да го предложи текстот на предлогот на овој општествен договор.

Собрание на СФРЈ

АС бр. 567
28 јуни 1985 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
Илијаз Куртеши, с. р.

Претседател
на Соборот на републиките
и покраините,
Методи Антов, с. р.

448.

Врз основа на член 281 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со член 286 став 3 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Собранието на СФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 28 јуни 1985 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВАТА СОБРАНИЕТО НА СФРЈ ДА БИДЕ УЧЕСНИК ВО СКЛУЧУВАЊЕТО НА ОПШТЕСТВЕН ДОГОВОР ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СРЕДСТВА ЗА РЕГРЕС ЗА ВЕШТАЧКИ ЃУБРИВА И ЗА СРЕДСТВА ЗА ЗАШТИТА НА РАСТЕНИЈАТА ОД 1986 ДО 1990 ГОДИНА И ЗА УСЛОВИТЕ И НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕТО НА ТИЕ СРЕДСТВА

1. Се усвојува иницијативата Собранието на СФРЈ да биде учесник во склучувањето на Општествен договор за обезбедување средства за регрес за вештачки ѓубрива и за средства за заштита на растенијата од 1986 до 1990 година и за условите и начинот на користењето на тие средства.

2. Се определува Одборот за финансии на Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ да учествува во постапката на подготовката на овој општествен договор и, по согласноста постигната со другите учесници, да го предложи текстот на предлогот на овој општествен договор.

Собрание на СФРЈ

АС бр. 571
28 јуни 1985 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
Илијаз Куртеши, с. р.

Претседател
на Соборот на републиките и
покраините,
Методи Антов, с. р.

449.

Врз основа на член 283 точка 9 и на член 288 точка 2 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, на предлог од претседателот на Сојузниот извршен совет и врз основа на мислењето на Комисијата за избор и именувања, Собранието на СФРЈ, на седницата на Сојузниот собор од 19 јуни 1985 година и на седницата на Соборот на републиките и покраините од 28 јуни 1985 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИК НА СОЈУЗНИОТ СЕКРЕТАР ЗА НАРОДНА ОДБРАНА

I

Се разрешува од должноста заменик на сојузниот секретар за народна одбрана генерал-полковникот Илија Радаковиќ.

II

За заменик на сојузниот секретар за народна одбрана се именува генерал-полковникот Вељко Кадиевиќ, сега помошник на сојузниот секретар за народна одбрана.

Собрание на СФРЈ

АС бр. 577
28 јуни 1985 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
Илијаз Куртеши, с. р.

Претседател
на Соборот на
републиките
и покраините,
Методи Антов, с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
д-р **Миодраг Трифуновиќ**, с. р.

450.

Врз основа на член 288 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со член 12 став 5 од Законот за Сојузниот суд, Собранието на СФРЈ, на предлог од Комисијата за избор и именувања, на седницата на Сојузниот собор од 19 јуни 1985 година и на седницата на Соборот на републиките и покраините од 28 јуни 1985 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИЗБОР НА СУДИЈА-ПОРОТНИК НА СОЈУЗНИОТ СУД

За судија-поротник на Сојузниот суд се избира д-р Светозар Полич, судија на Врховниот суд на СР Словенија во пензија.

Собрание на СФРЈ

АС бр. 586
28 јуни 1985 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
Илијаз Куртеши, с. р.

Претседател
на Соборот на
републиките
и покраините,
Методи Антов, с. р.

Претседател
на Сојузниот собор
д-р **Миодраг Трифуновиќ**, с. р.

451.

Врз основа на член 288 точка 2 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со член 19 став 3 од Законот за Сојузното јавно правобранителство, Собранието на СФРЈ, на предлог од Комисијата за избор и именувања, на седницата на Сојузниот собор од 19 јуни 1985 година и на седницата на Соборот на републиките и покраините од 28 јуни 1985 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИК НА СОЈУЗНИОТ ЈАВЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ

I

Се разрешува од должноста заменик на сојузниот јавен правобранител Рамиз Црнишанин, поради истекот на времето на кое е именуван.

II

За заменик на сојузниот јавен правобранител се именува Иван Мурињи, заменик на јавниот обвинител на САП Војводина.

Собрание на СФРЈ

АС бр. 587
28 јуни 1985 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
Илијаз Куртеши, с. р.

Претседател
на Соборот на
републиките
и покраините,
Методи Антов, с р.

Претседател
на Сојузниот собор,
д-р **Миодраг Трифуновиќ,** с. р.

452.

Врз основа на член 288 точка 2 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со член 9 ст. 4 и 5 од Законот за Наградата на Антифашистичкото веќе на народното ослободување на Југославија, Собранието на СФРЈ, на предлог од Комисијата за избор и именувања, на седницата на Сојузниот собор од 19 јуни 1985 година и на седницата на Соборот на републиките и покраините од 28 јуни 1985 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОДБОРОТ ЗА НАГРАДАТА НА АНТИФАШИСТИЧКОТО ВЕЌЕ НА НАРОДНОТО ОСЛОБОДУВАЊЕ НА ЈУГОСЛАВИЈА И ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА СОСТАВОТ НА ТОЈ ОДБОР

Во Одлуката за именување претседател на Одборот за Наградата на Антифашистичкото веќе на народното ослободување на Југославија и за објавување на составот на тој одбор, во II дел, по зборовите: „од Социјалистичка Република Црна Гора" точ. 2 и 3 се менуваат и гласат:

„2. д-р Радослав Булаиќ, претседател на Работоводниот одбор на Железарницата „Борис Кидрич" – Никшиќ;

3. Мило Краљ, писател, републички советник во Собранието на СР Црна Гора;".

Собрание на СФРЈ

АС бр. 371
28 јуни 1985 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
Илијаз Куртеши, с. р.

Претседател
на Соборот на
републиките
и покраините,
Методи Антов, с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
д-р **Миодраг Трифуновиќ,** с. р.

453.

Врз основа на член 4 став 1 точка 1 од Законот за мерките за ограничување на пазарот и на слободниот промет на стоки и услуги од интерес за целата земја („Службен лист на СФРЈ", бр. 28/75), врз основа на усогласените ставови со надлежните републички и покраински органи, Сојузниот извршен совет донесува

УРЕДБА

ЗА ЗАБРАНА НА ПРОМЕТ НА МЕСО ОД ПОДМЛАДОК НА ДОБИТОК

Член 1

На организациите на здружен труд, на лицата што вршат стопанска дејност со самостоен личен труд со средства на трудот во сопственост на граѓани, на земјоделците и на други граѓани им се забранува да пуштаат во промет телешко и прасешко месо.

Член 2

По исклучок од одредбата на член 1 од оваа уредба, организациите на здружен труд, лицата што вршат стопанска дејност со средства на трудот во сопственост на граѓани, земјоделците и други граѓани можат да пуштаат во промет месо од подмладок на добиток само за определени корисници (болници, ресторани за општествена исхрана, ресторани за исхрана на студенти и сл.), и тоа во случаите кога тој добиток е заклан поради опасност од пцовисување, поради рана или задушување, поради заболување чие лекување е неекономично и поради долготрајна болест или појава на заразна болест.

Потврда дека добитокот е заклан поради причините наведени во став 1 на овој член издава надлежниот орган во републиката односно надлежниот орган во автономната покраина.

Член 3

Со парична казна од 5.000 до 50.000 динари ќе се казни за прекршок замјоделец односно друг граѓанин кој ќе пушти во промет телешко или прасешко месо (член 1).

Член 4

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 211
13 мај 1985 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Јанез Земљарич, с. р.

454.

Врз основа на член 29 став 1 точка 1, став 3 и точка 7 став 2 и член 30 став 8 на Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/76, 36/79, 52/79, 12/82, 61/82 и 7/84), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА УТВРДУВАЊЕ НА КОЛИЧИНАТА И ВРЕДНОСТА НА СТОПАНСКИОТ ИНВЕНТАР И НА ДРУГИТЕ ПРЕДМЕТИ ВРЗ КОИ ПРИ УВОЗОТ СЕ ПРИМЕНУВААТ ЦАРИНСКИ ПОВЛАСТИЦИ

1. Со оваа одлука се утврдуваат количините и вредностите на стопанскиот инвентар и на другите предмети врз кои при увозот на стоки се применуваат царински повластици од член 29 став 1 точка 1 став 3 и точка 7 став 2 и член 30 ст. 1 до 3 на Царинскиот закон.

2. Се ослободени од плаќање царина, согласно со член 29 став 1 точка 1 став 3 од Царинскиот закон, државјаните на Социјалистичка Федеративна Република Југославија што од Југославија се иселиле пред 6 април 1941 година, странските државјани што добиле државјанство на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и странските државјани што добиле азил односно одобрение за постојано настанување во Југославија - на предметите на стопанскиот инвентар до вкупна вредност од 5,000.000 динари. Предметите чија одделна вредност го преминува износот од 5,000.000 динари не се опфатени со оваа повластица.

3. Се ослободени од плаќање царина, согласно со член 29 став 1 точка 7 алинеја прва од Царинскиот закон, сопствениците односно корисниците на превозни средства на предметите што, поради замена на дотраен или уништен дел, се вградат во патничко возило за времето за кое тоа возило се наоѓа во странство до вкупна вредност од 17.000 динари. Предметите чија одделна вредност го преминува износот од 17.000 динари не се опфатени со оваа повластица.

4. Се ослободени од плаќање царина, согласно со член 29 став 1 точка 7 алинеја втора од Царинскиот закон, сопствениците, односно корисниците на превозни средства - на предмети што, поради замена на дотраен или уништен дел, се вградат во друмско моторно возило во јавен сообраќај, освен во патничко возило, за времето за кое тоа возило се наоѓа во странство, до вкупна вредност од 50.000 динари. Предметите чија одделна вредност го преминува износот од 50.000 динари не се опфатени со оваа повластица.

5. Се ослободени од плаќање царина, согласно со член 30 став 1 од Царинскиот закон, државјаните на Социјалистичка Федеративна Република Југославија кои, по кој и да е основ, на работа во странство поминале најмалку две години или најмалку 24 месеци во три последовни години - на предметите од стопанскиот инвентар, освен на моторните возила чија вредност изнесува до 1,500.000 динари. Ако вредноста го преминува износот од 1,500.000 динари до 3,000.000 динари, на делот од вредноста над 1,500.000 до 3,000.000 динари се плаќа царина по стапка од 10%.

6. Се ослободени од плаќање царина, согласно со член 30 став 2 од Царинскиот закон, државјаните на Социјалистичка Федеративна Република Југославија кои, по кој и да е основ, на работа во странство поминале непрекинато најмалку четири години - на предметите од стопанскиот инвентар освен на моторните возила чија вредност изнесува до 2,500.000 динари. Ако вредноста го преминува износот од 2,500.000 динари до 3,000.000 динари, на делот од вредноста над 2,500.000 динари до 3,000.000 динари се плаќа царина по стапка од 10%.

7. Се ослободени од плаќање царина, согласно со член 30 став 3 од Царинскиот закон, државјаните на Социјалистичка Федеративна Република Југославија кои, по кој и да е основ поминале на работа во странство најмалку шест години - на предметите од стопанскиот инвентар, освен на моторни возила чија вредност изнесува до 5,000.000 динари. Ако вредноста го преминува износот од 5,000.000 динари до 6,000.000 динари, на делот на вредноста над 5,000.000 до 6,000.000 динари се плаќа царина по стапка од 10%.

8. На увозот на предмети од стопанскиот инвентар согласно со член 29 став 1 точка 1 став 3 и член 30 ст. 1 до 3 од Царинскиот закон, пропишаните вредности се зголемуваат за износот на фактички платените трошоци за превоз.

9. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 218
16 мај 1985 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Јанез Земљарич, с.р.

455.

Врз основа на член 28 точ. 2, 3, 7, 8 и 11 и член 29 став 1 точка 1 од Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/76, 36/79, 52/79, 12/82, 61/82 и 7/84), врз основа на усогласените ставови со надлежните републички и покраински органи, Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРЕДМЕТИТЕ И КОЛИЧЕСТВАТА И НА ВРЕДНОСТИТЕ НА ПРЕДМЕТИТЕ НА КОИ ПРИ УВОЗОТ НА СТОКИ СЕ ПРИМЕНУВААТ ЦАРИНСКИ ПОВЛАСТИЦИ

1. Со оваа одлука се утврдуваат предметите и количествата и вредноста на предметите на кои при увозот се применуваат ослободувања од плаќање царина и други царински повластици (член 28 точ. 2, 3, 7, 8 и 11 и член 29 став 1 точка 1 од Царинскиот закон).

2. Ослободени се од плаќање царина, согласно со член 28 точка 2 од Царинскиот закон, домашните патници, покрај на предметите од личниот багаж - на предмети што внесуваат од странство до вкупна вредност од 2.500 динари.

3. Ослободени се од плаќање царина, согласно со член 28 точка 3 став 1 од Царинскиот закон, државјаните на Социјалистичка Федеративна Република Југославија - членови на екипажи на југословенски бродови и државјаните на Социјалистичка Федеративна Република Југославија кои според кој и да е основ поминале на работа во странство непрекинато најмалку две години или 24 месеци во три последовни години - на предмети на мебел до вкупна вредност од 330.000 динари, а на другите предмети за своето домаќинство што се содржани во точка 6 од оваа одлука, освен на патнички моторни возила, до вкупна вредност од 560.000 динари.

4. Ослободени се од плаќање царина, согласно со член 28 точка 3 став 2 од Царинскиот закон, државјаните на Социјалистичка Федеративна Република Југославија кои според кој и да е основ поминале на работа во странство непрекинато најмалку четири години - на предмети за своето домаќинство што се содржани во точка 6 од оваа одлука, освен на патнички моторни возила, до вкупна вредност од 1,500.000 динари.

5. Ослободени се од плаќање царина, согласно со 28 точка 3 став 3 од Царинскиот закон, државјаните Социјалистичка Федеративна Република Југославија според кој и да е основ поминале на работа во странпрекинато најмалку шест години – на предмети на л до вкупна вредност од 500.000 динари и на другите мети за своето домаќинство што се содржани во точод оваа одлука, освен на патнички моторни возила, до на вредност од 1,700.000 динари.

6. Во предмети за домаќинство што според член 28 а 3 ст. 1 до 3 од Царинскиот закон државјаните на Сотистичка Федеративна Република Југославија можат увезат односно внесат без плаќање царина, спаѓаат:

1) еден телевизор, со припаѓачките уреди;
2) еден носив телевизор, со големина на екранот до n;
3) еден радиоапарат, со припаѓачките уреди;
4) еден транзисторски радиоприемник;
5) еден магнетофон, со припаѓачките уреди и 20 ленти
6) еден грамофон, со припаѓачките уреди и 100 пло-

7) еден фотографски апарат;
8) еден видеорикордер, со припаѓачките уреди и 20 ги;
9) еден музички комплет (систем што се состои од радиоприемник, еден засилувач, еден грамофон или гофон, еден чифт слушалки и два звучника;
10) една видеокамера;
11) една кинокамера;
12) еден фрижидер за домаќинство, за длабоко заување;
13) една портабл машина за пишување;
14) еден електричен или гасен фрижидер;
15) еден клима-уред;
16) еден електричен, гасен комбиниран или друг шпо-

17) еден електричен или гасен грејач или една греалка електричен радијатор;

18) една правошмукалка со припаѓачките уреди;
19) една машина за перење алишта, со припаѓачките и;
20) една машина за сушење алишта;
21) една машина за пеглање алишта;
22) една машина за миење садови;
23) еден апарат за мелење и мешање намирници – кујмиксер (комплет);

24) една машина за шиење;
25) прибор за јадење и сервис најмногу за 12 лица и ветни кујнски предмети и садови;

26) мебел, постелнина, завеси и сл.;
27) два тепиха;
28) еден клавир или друг музички инструмент;
29) книги и списанија од домашни и странски автори;
30) слики и други уметнички предмети;

31) украсни предмети, вклучувајќи и предмети на клорот;

32) шиени текстилни и кожени стоки за лична или куупотреба;

33) други предмети за домаќинство чија вкупна вред- не е поголема од 120.000 динари.

7. Ослободени се од плаќање царина еднаш годишно, асно со член 28 точка 3 став 4 од Царинскиот закон, авјаните на Социјалистичка Федеративна Република славија кои според кој и да е основ се наоѓаат на рабо- о странство, при доаѓањето од странство заради коење на годишен одмор, посета на семејство и сл., на мети што не се наменети за препродажба, до вкупна ност од 30.000 динари.

8. Ослободени се од плаќање царина, согласно со 28 точка 7 од Царинскиот закон, државните органи, низациите на здружен труд, заедниците и други организации – на рекламен материјал и извадоци што бесплатно ќе ги примат од странство.

Како рекламен материјал во смисла на оваа одлука се сметаат:

1) печатен или снимен материјал, објави, огласи, плакати, ценовници, каталози, микрофилмови и други форми на трговско известување за стоки, превоз и услуги што ги дава странекиот испраќач, без оглед на вредноста и количеството;

2) разни рекламни предмети на кои видно е втисната фирмата на странскиот испраќач со кој државниот орган, организацијата на здружен труд или друга организација одржува деловни врски. Како рекламни предмети во смисла на оваа одредба не се сметаат цигари, жестоки алкохолни пијачки, парфеми и други потрошни стоки.

Како извадоци во смисла на оваа одлука се сметаат предмети од мала вредност и во незначителни количества – според видот на стоките што ги претставуваат и целта за која се наменети, како и модели на предмети чие производство се предвидува, а се испраќаат заради прибавување порачки односно понуди на стоки или склучување на договор. Извадоците не можат да се продаваат ниту да се употребуваат за други цели, освен за прикажување, испитување и сл.

9. Ослободени се од плаќање царина, согласно со член 28 точка 8 од Царинскиот закон, странски излагачи што учествуваат на меѓународни саеми и трговски изложби во Југославија – на предмети што ќе ги увезат или примат од странство заради вообичаена распределба и потрошувачка за време на одржување на саемот односно изложбата.

Како предмети за распределба и потрошувачка на саемите односно трговските изложби во смисла на оваа одлука се сметаат:

1) извадоци на странски стоки изложени на саем или на изложба или ако се направени како извадоци од увезените стоки, под услов:

– да се делат бесплатно;
– да се со незначителна вредност во однос на цената по единица мера на истиот вид стоки;
– да се спакувани или подготвени за вообичаена распределба и потрошувачка во количество кое очигледно е помало од стандардните пакувања за продажба на мало;

2) рекламен материјал во чија вкупна вредност е до 6.600 динари, под услов поединечната вредност на предметите да не е поголема од 250 динари;

3) стоки што се увезуваат од странство односно што се купуваат од консигнационен склад во земјата заради потрошувачка на приредби што ги организираат излагачите за време на траењето на саемот односно трговската изложба, и тоа:

– до 1.000 парчиња цигари и 0,5 kg други тутунски прработки, до 10 литри жестоки алкохолни пијачки и други стоки, освен козметички препарати, парфеми и колонска вода, во вкупна вредност до 5.000 динари;
– еден излагачки картон на име на еден претставник на странска фирма – странски државјанин со живеалиште во странство, со тоа што една странска фирма може да оствари повластица за најмногу пет излагачки картони;

4) за пехранбени производи и алкохолни пијачки, што се делат бесплатно во количества што се неопходни за оценување на нивниот квалитет, заради доделување награди на меѓународни саеми;

5) стоки наменети за прикажување односно демонстрирање на машини или апарати на меѓународен саем односно трговска изложба, кои ќе се потрошат или уништат во текот на прикажувањето односно демонстрирањето;

6) стоки што служат и што ќе се употребат за изградба, приспособување и декорирање на привремени штандови (на пример бои, лакови, тапети, таписони и сл.);

7) каталози, проспекти, ценовници, огласи, календари (со илустрации или без илустрации) и фотографии, ако е очигледно дека се наменети за користење како пропаганден материјал за странските стоки изложени на меѓународен саем односно изложба, под услов да се делат бесплатно;

8) формулари и друг печатен материјал потребни за администрацијата на излагачот за време на одржување на меѓународниот саем односно трговската изложба.

10. Ослободени се од плаќање царина, согласно со член 29 став 1 точка 1 став 1 од Царинскиот закон, државјаните на Социјалистичка Федеративна Република Југославија кои од Југославија се иселиле пред 6 април 1941 година, страноките државјани што добиле државјанство на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и странските државјани што добиле азил односно одобрение за постојано населување во Југославија, на предмети за своето домаќинство, освен на патнички моторни возила.

Во предмети за домаќинство што согласно со став 1 од оваа точка можат да се увезат односно внесат без плаќање царина спаѓаат:

1) еден телевизор, со припаѓачките уреди;
2) еден носив телевизор, со големина на екранот до 51 cm;
3) еден радиоапарат, со припаѓачките уреди;
4) еден транзисторски радиоприемник;
5) еден магнетофон, со припаѓачките уреди и 20 ленти;
6) еден грамофон, со припаѓачките уреди и 100 плочи;
7) еден фотографски апарат;
8) еден видеорикордер, со припаѓачките уреди и 20 касети;
9) еден музички комплет (систем што се состои од еден радиоприемник, еден засилувач, еден грамофон или касетофон, еден чифт слушалки и два звучника);
10) една видеокамера;
11) една кинокамера;
12) еден фрижидер за домаќинство, за длабоко замрзнување;
13) една портабл машина за пишување;
14) еден електричен или гасен фрижидер;
15) еден клима-уред;
16) еден електричен, гасен, комбиниран или друг шпорет;
17) еден електричен или гасен грејач, или една греалка или еден електричен радијатор;
18) едена правошмукалка со припаѓачките уреди;
19) една машина за перење алишта, со припаѓачките уреди;
20) една машина за сушење алишта;
21) една машина за пеглање алишта;
22) една машина за миење садови;
23) еден апарат за мелење и мешање намирници – кујнски миксер (комплет);
24) една машина за шиење;
25) мебел, постелнина, завеси и сл.;
26) прибор за јадење и сервиси најмногу за 12 лица и соодветни кујнски предмети и садови;
27) два тепиха;
28) еден клавир или друг музички инструмент;
29) книги и списанија од домашни и странски автори;
30) слики и други уметнички предмети;
31) украсни предмети, вклучувајќи и предмети на фолклорот;
32) шиени текстилни и кожени стоки за лична или кукна употреба;
33) други предмети за домаќинство во вкупна вредност од 2,800.000 динари.

11. На увозот на предмети за домаќинство, согласно со член 28 точка 3 ст. 1 до 3 и член 29 став 1 точка 1 став 1 од Царинскиот закон, пропишаните вредности се зголемуваат за износот на фактички платените трошоци на превозот.

12. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на предметите, количествата и вредностите на кои при увозот на стоки се применуваат царински повластици („Службен лист на СФРЈ", бр. 37/82, 77/82, 63/83 и 33/84).

13. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е.п. бр. 217
27 јуни 1985 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Јанез Земљарич, с.р.

456.

Врз основа на член 26е став 2 од Законот за прометот на стоки и услуги со странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/77, 17/78 и 5/82), врз основа на согласност на надлежните републички и покраински органи, Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ПРИВРЕМЕНО РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ОПРЕДЕЛЕНИ СТОКИ НА ОДДЕЛНИ ФОРМИ ПРИ ИЗВОЗОТ И УВОЗОТ, ЗА НАЧИНОТ НА УТВРДУВАЊЕ И РАСПРЕДЕЛБА НА КОНТИНГЕНТИТЕ ЗА ИЗВОЗ И УВОЗ НА СТОКИ РАСПОРЕДЕНИ НА ТИЕ ФОРМИ И ЗА УТВРДУВАЊЕ НА АВАНСИ ЗА ИЗВОЗОТ И УВОЗОТ НА ТИЕ СТОКИ

1. Во Одлуката за привремено распоредување на определени стоки на одделни форми при извозот и увозот, за начинот на утврдување и распределба на контингентите за извоз и увоз на стоки распоредени на тие форми и за утврдување на аванси за извозот и увозот на тие стоки („Службен лист на СФРЈ", бр. 27/83 и 8/84), во Списокот на определени стоки што привремено се распоредуваат на одделни форми на извозот и увозот, кој е составен дел на таа одлука, текстот во колоните 1, 2, 3, и 4 во следните тар. бр. се брише, и тоа:

„Тарифен број	Наименување на стоките	Форма	
		извоз	увоз
1	2	3	4
26.01/7а	Руди на олово	Кк	Кк
26.01/7б	Концентрати на олово	Кк	Кк
26.01/8а	Руди на цинк	Кк	Кк
26.01/8б	Концентрати на цинк	Кк	Кк
71.05/1	Сребро, необработено	ЛБ	Кк
71.05/2	Сребро, друго	ЛБ	Кк
71.06	Валано сребро, необработено или полупреработено	ЛБ	Кк
73.06/1	Пудлувани прачки и лостови, блокови, парчиња и слични форми, од железо или од челик	Кк	Кк

1	2	3	4
73.09	Широк плоскат челик или железо:		
	1) Ламели	Кк	Кк
	2) Друго	Кк	Кк
73.10	Лостови и прачки, од железо и челик (вклучувајќи и валана жица), топло валани, ковани, влечени, ладно обликувани или ладно довршени (вклучувајќи и прецизно изработени); шуплив челик за рударски дупчења:		
	1) Валана жица:		
	а) бетонско железо и челик	Кк	Кк
	б) друго	Кк	Кк
	2) Лостови и прачки (со исклучок на валана жица), што не се понатаму преработени, освен топло валани или екструдирани:		
	а) со пресек до 80 mm:		
	1) бетонско железо и челик	Кк	Кк
	2) валчест и плоскат челик со квалитет на JUS Č–0261 до JUS Č–0745, JUS Č–1220 и JUS Č–1530	Кк	Кк
	3) друго	Кк	Кк
	б) со пресек над 80 mm:		
	1) валчест и плоскат челик со квалитет на JUS Č–0261 до JUS Č–0745, JUS Č–1220, JUS Č–1430 и JUS Č–1530	Кк	Кк
	2) друго		
	3) Друго	Кк	Кк
73.11	Аголници и други профили од железо или од челик, топло валани, ковани, влечени, ладно обликувани или ладно довршени; талпи од железо или од челик, дупчени или недупчени, изработени од составени елементи:		
	1) U, I или H профили, кои не се понатаму преработувани, освен топло валани или екструдирани, помали од 80 mm	Кк	Кк
	2) U, I или H профили, кои не се понатаму преработувани, освен топло валани или екструдирани, од 80 mm или повеќе; аголници и други профили, кои не се понатаму преработувани или ковани	Кк	Кк
	3) Други аголници и други профили, кои не се понатаму преработувани, освен топло валани или екструдирани	Кк	Кк
	4) Аголници и други профили кои не се понатаму преработувани, освен ладно обликувани или ладно довршени	Кк	Кк
	5) Други аголници и други профили	Кк	Кк
	6) Талпи	Кк	Кк
73.12	Ленти од железо или од челик, топло или ладно валани:		
	1) Топло валани ленти:		
	а) непреслечени:		
	2) ленти со квалитет на JUS Č–0261 до JUS Č–0745	Кк	Кк
	3) Други	Кк	Кк
	б) преслечени	Кк	Кк
	2) Ладно валани ленти:		
	а) непреслечени:		
	1) ленти со квалитет на JUS Č–1120, JUS Č–1220, JUS Č–1430, JUS Č–1530 и JUS Č–4120	Кк	Кк
	2) други	Кк	Кк
	б) платирани	Кк	Кк
	в) други	Кк	Кк
73.13	Лимови и плочи, од железо или од челик, топло и ладно валани:		
	1) Валани, но понатаму непреработувани, со дебелина над 4,75 mm	Кк	Кк
	2) Валани, но понатаму непреработувани, со дебелина од 3 mm до 4,75 mm	Кк	Кк
	3) Валани, но понатаму непреработувани, со дебелина помала од 3 mm	Кк	Кк
	4) Преслечени со калај	Кк	Кк
	5) Друго:		
	а) преслечени со хром	Кк	Кк
	б) поцинкувани	Кк	Кк
	в) други	Кк	Кк
73.14	Жица од железо или од челик, преслечена или непреслечена, но неизолирана:		
	1) Непреслечена:		
	а) патентирана	Кк	Кк
	б) друга	Кк	Кк
	2) Преслечена:		
	а) патентирана	Кк	Кк
	б) друга	Кк	Кк
73.15	Легирани челици и високојаглероден челик, во формите наведени во тар. бр. 73.06 до 73.14:		
	10) Валана жица, од високојаглероден челик	Кк	Кк
	11) Валана жица, од не 'рѓосувачки или огноотпорен челик	Кк	Кк

1	2	3	4
	12) Валана жица од други легирани челици:		
	а) светло влечена жица	Кк	Кк
	б) друго	Кк	Кк
	13) Лостови и прачки (со исклучок на и валана жица) и шуплив рударски челик за дупчење од високојаглероден челик	Кк	Кк
	14) Лостови и прачки (со исклучок на валана жица) и шуплив рударски челик за дупчење, од не'рѓосувачки или огноотпорен челик	Кк	Кк
	15) Лостови и прачки (со исклучок на валана жица) и шуплив рударски челик за дупчење, од други легирани челици	Кк	Кк
	16) Аголници и други профили, од високојаглероден челик	Кк	Кк
	17) Аголници и други профили, од не'рѓосувачки или огноотпорен челик	Кк	Кк
	18) Аголници и други профили, од други легирани челици	Кк	Кк
	19) Широк плоскат челик	Кк	Кк
	20) Лимови и плочи, валани, кои не се понатаму преработувани, со дебелина поголема од 4,75 mm од високојаглероден челик	Кк	Кк
	21) Лимови и плочи, валани, кои не се понатаму преработувани, со дебелина поголема од 4,75 mm, од не'рѓосувачки или огноотпорен челик	Кк	Кк
	22) Лимови и плочи, валани, кои не се понатаму преработувани, со дебелина поголема од 4,75 mm од другите легирани челици	Кк	Кк
	23) Лимови и плочи, валани, кои не се понатаму преработувани, со дебелина од 3 mm до 4,75 mm од високојаглероден челик	Кк	Кк
	24) Лимови и плочи, валани, кои не се понатаму преработувани, со дебелина од 3 mm до 4,75 mm, од не'рѓосувачки или огноотпорен челик	Кк	Кк
	25) Лимови и плочи, валани, кои не се понатаму преработувани, со дебелина од 3 mm до 4,75 mm, од други легирани челици	Кк	Кк
	26) Лимови и плочи, валани, кои не се понатаму преработувани, со дебелина помала од 3 mm од високојаглероден челик	Кк	Кк
	27) Лимови и плочи, валани, кои не се понатаму преработувани, со дебелина помала од 3 mm од не'рѓосувачки или огноотпорен челик	Кк	Кк
	28) Лимови и плочи, валани, кои не се понатаму преработувани, со дебелина помала од 3 mm, од други легирани челици:		
	а) трафо-лимови	Кк	Кк
	б) друго	Кк	Кк
	29) Други лимови и плочи, од високојаглероден челик	Кк	Кк
	30) Други лимови и плочи, од не'рѓосувачки или огноотпорен челик	Кк	Кк
	31) Други лимови и плочи, од други легирани челици	Кк	Кк
	32) Ленти од високојаглероден челик:		
	а) топло и ладно валани ленти со квалитет на JUS Č–1730	Кк	Кк
	б) други	Кк	Кк
	33) Ленти од не'рѓосувачки или огноотпорен челик	Кк	Кк
	34) Ленти од други легирани челици:		
	а) со квалитет на JUS Č–4320	Кк	Кк
	б) други	Кк	Кк
	35) Жица од високојаглероден челик:		
	а) плоската	Кк	Кк
	б) друга	Кк	Кк
	36) Жица од не'рѓосувачки или огноотпорен челик	Кк	Кк
	37) Жица од други легирани челици	Кк	Кк
73.16	Материјал за изградба на железнички и трамвајски колосеци, од железо или од челик, и тоа: шини, шини водилки, јазичиња, скретници (или вкрстосници), делови на свртници, прачки за спојување, запчести шини, прагови, плочи за спојување, шински лежишта, прицврстувачи за лежишта, подметки (базни плочи), шински сврзници, подложни плочи, спојници и други специјални делови за спојување или прицврстување на шини:		
	1) Шини	Кк	Кк
	2) Друго:		
	а) скретници	Кк	Кк

1	2	3	4
	б) колосечен прибор:		
	1) спојници и плочки	Кк	Кк
	2) други	Кк	Кк
	в) железнички прагови	Кк	Кк
	г) друго	Кк	Кк
73.18	Цевки и полупроизводи од цевки (blanks), од железо (освен леани цевки од железо) или од челик, со исклучок на цевки за високи притисоци на хидроелектрични инсталации:		
	1) Безрабни цевки и полупроизводи за цевки (blanks):		
	а) од не'рѓосувачки челик:		
	1) прецизно влечени цевки, јаглеродни, нелегирани	Кк	Кк
	2) други	Кк	Кк
	б) платирани	Кк	Кк
	в) друго:		
	1) прецизно влечени цевки, јаглеродни, легирани и нелегирани	Кк	Кк
	2) други	Кк	Кк
	2) Друго:		
	а) рабни цевки:		
	1) прецизно влечени цевки, јаглеродни, нелегирани	ЛБ	Кк
	2) платирани	ЛБ	Кк
	3) други	ЛБ	Кк
	б) друго:		
	1) прецизно влечени цевки, легирани	Кк	Кк
	2) други	Кк	Кк
73.19	Цевки од челик за високи притисоци на хидроелектрични инсталации, зајакнати или незајакнати	Кк	Кк
78.01/1	Отпадоци и остатоци од олово	Кк	Кк
78.01/2	Олово, нерафинирано	ЛБ	Кк
78.01/3	Олово рафинирано, освен оловни легури	ЛБ	Кк
78.01/4	Оловни легури	ЛБ	Кк
79.01/1	Отпадоци и остатоци – од цинк	Кк	Кк
79.01/2а	Цинк, суров (нерафиниран)	ЛБ	Кк
79.01/2б	Цинк, рафиниран и електролитен	ЛБ	Кк
79.01/2в	Леани легури од цинк суров	ЛБ	Кк
79.01/2г	Легури за гмечење, од цинк суров	ЛБ	Кк".

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 219
27 јуни 1985 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Јанез Земљарич, с.р.

457.

Врз основа на член 222 став 3 од Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/76, 36/79, 52/79, 12/82, 61/82, 7/84 и 25/85), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИДОТ, ВРЕДНОСТА И КОЛИЧИНАТА НА СТОКИ ШТО МОЖАТ ДА СЕ ПРОДАВААТ ВО СЛОБОДНИТЕ ЦАРИНСКИ ПРОДАВНИЦИ

1. Во слободните царински продавници можат да се продаваат домашни и странски стоки утврдени со оваа одлука.

2. Во слободните царински продавници можат да се продаваат алкохолни пијалаци, цигари и други тутунски преработки, козметички и парфимериски производи, накит и бижутерија, производи од стакло и керамика, текстилни производи, спортска опрема, производи од домашна ракотворба, плочи, касети, музички инструменти, производи за лична употреба и технички стоки, како и специјализирани трајни прехранбени производи.

Покрај производите од став 1 на оваа точка, во слободните царински продавници, во марините во кои е организирана пасошка и царинска контрола, можат да се продаваат и резервни делови и други производи и опрема потребна за поправка и редовно одржување на јахти, едрилици и други пловни објекти.

3. Патниците што доаѓаат во Социјалистичка Федеративна Република Југославија можат да купуваат стоки во слободните царински продавници до количествата и вредноста пропишани со Одлуката за условите под кои физички лица можат да увезуваат, внесуваат и примаат определени предмети од странство, односно да извезуваат, внесуваат и испраќаат определени предмети во странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 63/84 и 19/85).

Патниците што заминуваат во странство и патниците во провоз преку царинското подрачје на Социјалистичка Федеративна Република Југославија можат да купуваат стоки во слободните царински продавници без ограничување на количествата и вредноста.

4. Странско физичко лице кое привремено престојува во Социјалистичка Федеративна Република Југославија во марина, може во слободната царинска продавница отворена во марината, да купува до 40 парчиња цигари или до 40 грама други тутунски преработки и до половина литар жесток алкохолен пијалак за секој ден задржување во царинското подрачје на Социјалистичка Федеративна Република Југославија. Дневните количества на цигари или други тутунски преработки и жестоки алкохолни пијалаци можат да се купуваат и однапред, но најмногу за 21 ден.

Странско физичко лице може во слободните царински продавници, во марините во кои е организирана царинска и пасошка контрола, да купува и други производи од точка 2 на оваа одлука во количества што не се наменети за препродажба.

5. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 212
13 јуни 1985 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Борисав Сребрић, с.р.

458.

Врз основа на член 3 од Законот за тарифата на сојузните административни такси („Службен лист на СФРЈ", бр. 20/84), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ВИСОЧИНАТА НА КОНЗУЛАРНИТЕ ТАКСИ

1. Височината на конзуларните такси за списите и дејствијата кај дипломатските или конзуларните претставништва на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во странство, утврдена со Законот на Тарифата на сојузните административни такси („Службен лист на СФРЈ", бр. 20/84), се зголемува така што регуларните такси по одделни тарифни броеви изнесуваат:

Тар. број 54	Се плаќа динари
За молби и други поднесоци кај дипломатски или конзуларни претставништва на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во странство — — — — — — — —	1.000
За секој следен поднесок по ист предмет, ако не е потребно ново самостојно решение	500
Тар. број 55	
За доставување на писмени молби од странки до органи на Социјалистичка Федеративна Република Југославија или за доставување на решенија на органите на Социјалистичка Федеративна Република Југославија до странки и за доставување решенија на странски органи на власта до заинтересираните лица:	
1) за достави во европските земји — —	750
2) за достави во воневропските земји —	1.150
Тар. број 56	
За патни исправи што ги издаваат дипломатски или конзуларни претставништва на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во странство:	
1) за издавање на патна исправа заради привремен престој во странство — — — —	7.250
2) за продолжување на важењето на патна исправа заради привремен престој во странство — — — — — — — — — — — — — —	6.000
3) за издавање на патна исправа заради постојан престој во странство — — — — —	16.650
4) за издавање дупликат на патна исправа — — — — — — — — — — — — — — — —	15.000
5) за издавање на детска патна исправа	3.650
6) за издавање на патен лист за враќање во Социјалистичка Федеративна Република Југославија (пасаван) — — — — — — — —	3.650
Тар. број 57	
За патни исправи што ги издаат дипломатски или конзуларни претставништва на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во странство на странски лица:	
1) за продолжување на важењето на патна исправа за бегалци — — — — — — — —	3.650
2) за продолжување на важењето на патна исправа за лица без државјанство — — —	3.650
3) за издавање или продолжување на важењето на патен лист за странци — — —	2.500

Тар. број 58	Се плаќа динари
За визи што ги издаваат дипломатски или конзуларни претставништва на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во странство:	
1) за државјани на Социјалистичка Федеративна Република Југославија:	
- за виза на патна исправа — — — — —	1.500
- за виза на заедничка патна исправа, за секое лице по — — — — — — — — — — — —	500
2) за странци:	
- за виза на патна исправа за едно патување заради престој во Социјалистичка Федеративна Република Југославија или за еден транзит — — — — — — — — — — — — —	1.250
- за виза на патна исправа за две патувања или за два транзита — — — — — — — —	2.500
- за виза на патна исправа за повеќе патувања или за повеќе транзити за шест месеци — — — — — — — — — — — — — — — — —	3.650
- за виза на заедничка патна исправа, за секое лице по — — — — — — — — — — — —	500
Тар. број 59	
За уверенија, потврди, изводи од матичните книги или спроводници за пренесување на посмртни останки што ги издава дипломатско или конзуларно претставништво на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во странство, ако не е поинаку пропишано — — — — — — — — — — — — — —	1.500
Тар. број 60	
За издавање потврди што се користат заради регулирање на царинските формалности при враќањето од странство за постојан престој во Социјалистичка Федеративна Република Југославија или при увозот на наследени предмети од странство — — — — —	3.000
Тар. број 61	
За составување на тестамент:	
1) во канцеларијата на претставништвото — — — — — — — — — — — — — — — — —	7.500
2) надвор од канцеларијата на претставништвото — — — — — — — — — — — — —	12.000
За составување на акт за отповикување на тестамент — — — — — — — — — — — —	3.650
За составување на дополнение на тестамент (кодицил) — — — — — — — — — — — —	6.000
Тар. број 62	
За составување на договор во канцеларијата на претставништвото — — — — — —	6.000
Тар. број 63	
За составување на полномошно — — —	1.250
Тар. број 64	
За составување на други исправи по молба на заинтересираното лице, ако со оваа тарифа не е поинаку пропишано — — — —	3.650
Тар. број 65	
За секој препис или фотокопија, составена во дипломатско или конзуларно претставништво на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во странство, со заверка:	
1) за првата страница — — — — — —	1.250
2) за секоја понатамошна страница, по	750
Тар. број 66	
За заверување на уверение за здравствената исправност на испратените стоки — —	2.500

Тар. број 67 — Се плаќа динари

За заверување на уверение за потекло на стоки, за заверување на фактура или некоја друга исправа со која се посведочува потеклото на стоките или правото дека некои стоки уживаат посебна заштита на потеклото или називот — — — — — — — — — — — — 4.900

Тар. број 68

За заверување на потпис на граѓанин или на граѓанско правно лице на исправа — 1.500

Тар. број 69

За заверување на потпис на молба за отпуст од државјанство на Социјалистичка Федеративна Република Југославија — — — — 12.000

Тар. број 70

За заверување на службен потпис и печат на исправа — — — — — — — — — — — — 1.500

Тар. број 71

За заверување на службен потпис и печат на исправа во која се потврдува поседување на странско државјанство или се дава гаранција дека определено лице ќе биде примено во странско државјанство — — — — — — 15.000

Тар. број 72

За заверување на препис, копија или фотокопија што ќе ја направи заинтересираното лице:

1) за првата страница — — — — — — 1.000

2) за секоја понатамошна страница, по 500

Тар. број 73

За заверување на превод од странски јазик на еден од јазиците на народите или народностите на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, или обратно:

1) до 100 зборови — — — — — — — — 2.000

2) за секој понатамошен збор, по — — 150

За превод од еден од јазиците на народите или народностите на Социјалистичка Федеративна Република Југославија на странски јазик, или обратно, направен и заверен во претставништво:

1) до 100 зборови — — — — — — — — 4.900

2) за секој понатамошен збор, по — — 150

Тар. број 74

За депонирање на потпис и печат на нотар кај дипломатско или конзуларно претставништво на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во странство — — — 12.000

Тар. број 75

За дејствија во оставински предмети:

1) за составување на записник во просториите на дипломатско или конзуларно претставништво на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во странство:

– за првата страна на записникот — — 3.650

– за секоја понатамошна страна на записникот, по — — — — — — — — — — — — 500

2) за официјални дејствија надвор од просториите на претставништвото (застапување пред локални органи, учествување во нивни службени работи и др.), ако во оваа тарифа не е поинаку пропишано, за секој ден официјална работа — — — — — — — — — 10.500

3) за попишување на заоставштина, со процена и со наведување на вредноста на предметот за секоја процена или за секој стварен или вештачки наод:

– за секој ден официјална рабоата — — 12.000

– освен тоа, од целокупната вредност на попишаните и проценетите предмети — — 1%

4) за управување со заоставштина по која е спроведена оставинска расправа или за управување со друг имот кој не потекнува од заоставштина, од чистиот приход (месечно или годишно) — — — — — — — — — — — — 6%

Тар. број 77

За чување на депозит:

1) за акт со кој се потврдува прием на депозит на чување — — — — — — — — — — — — 1.500

2) за чување и издавање пари, хартии од вредност, вложни книшки и предмети од вредност (скапоцености):

– за првата година или дел од тоа време, од вредноста — — — — — — — — — — — — 5%

– за секоја понатамошна година или дел од тоа време, од вредноста — — — — — — 4%

3) за чување на тестамент или други исправи во интерес на поединци или на правни лица — — — — — — — — — — — — — — — — 4.900

Тар. број 78

За запишување во пописот на екипажот податоци за качувањето или слегувањето на членови на екпажот — — — — — — — — — — 650

Тар. број 79

За акт со кој се одобрува качување на странски државјанин како член на екипажот на брод на Југословенска трговска морнарица — — — — — — — — — — — — — — — — — — 750

Тар. број 80

За заверување на бродски дневник и на други бродски книги и исправи и за потврда на секој упис во тие книги и исправи — — — 500

Тар. број 81

За издавање и заверување на извод од бродски дневник:

1) за првата страница — — — — — — 750

2) за секоја натамошна започната страница, по — — — — — — — — — — — — — — 500

Тар. број 82

За интервенција на дипломатско или конзуларно претставништво на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во странство да му се издаде или да му се продолжи на брод важењето на која и да е исправа во врска со безбедноста на пловидбата, покрај ефективните трошоци — — — — — — 4.900

За секоја друга интервенција кај странски органи по бареење на брод, за која не е пропишана посебна такса — — — — — — — — 3.650

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 209
30 мај 1985 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Јанез Замљарич, с. р.

459.

Врз основа на член 66 став 1 точка 18 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и на народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 49/76, 41/81 и 26/84) и член 123 став 2 и член 199 став 3 од Законот за девизното работење и кредитните односи со странство („Службен лист СФРЈ", бр. 15/77, 61/82, 77/82, 34/83, 70/83, и 71/84), а заради спроведување на член 58 став 7 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и на народните банки на автономните покраини, Советот на гувернерите донесува

ОДЛУКА

ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ КОНТРОЛА НА РАБОТЕЊЕТО И ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕТО ЕДНАКВА ПОСТАПКА ВО ПРИМЕНАТА НА МЕРКИТЕ СПРЕМА БАНКИТЕ И ДРУГИТЕ ФИНАНСИСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

1. Со оваа одлука се уредува еднаквото постапување на Народната банка на Југославија, народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини при контролата на банките и другите финансиски организации што ги применуваат прописите донесени заради спроведување на заедничката емисиона, парична и девизна политика и на заедничките основи на кредитната политика, прописите од областа на девизното работење и кредитните односи со странство и прописите со кои е регулиран платниот промет со странство и девизно–валутните работи во Југославија (во натамошниот текст: прописи) и се определува редоследот во примената на мерките спрема банките и другите финансиски организации кои не се придружуваат кон тие прописи.

2. Контрола на банката и на друга финансиска организација, во смисла на оваа одлука, врши народната банка на републиката односно народната банка на автономната покраина надлежна според седиштето на банката и другата финансиска организцаија, а котрола на сите банки и други финансиски организации на територијата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија врши Народната банка на Југославија.

Контрола на деловна единица и деловен организационен дел на банка и друга финансиска организација врши народната банка на републиката односно народната банка на автономната покраина надлежна според седиштето на деловната единица односно деловниот организационен дел на банката и на друга финансиска организација, а е должна таа контрола да ја изврши и по барање на народната банка на републиката односно народната банка на автономната покраина надлежна според седиштето на банката и на друга финансиска организација.

Ако банката и другата финансиска организација користат средства од примарната емисија кај Народната банка на републиката односно народната банка на автономната покраина, која, во смисла на став 1 од оваа точка, не е надлежна да врши контрола на нејзиното работење, по барање на народната банка кај која банката и друга финансиска организација користи средства од примарната емисија, контрола е должна да изврши народната банка на републиката односно народната банка на автономната покраина надлежна според седиштето на таа банка и друга финансиска организација.

Во контролата од став 2 на оваа точка може да учествува и народната банка на републиката односно народната банка на автономната покраина надлежна според седиштето на банката и другата финансиска организација, а во контролата од став 3 на оваа точка може да учествува и народната банка на републиката односно народната банка на автономната покраина која на банката односно на друга финансиска организација ѝ одобрила користење на средства од примарната емисија.

3. Контрола во смисла на оваа одлука народната банка врши:

1) со преглед на извештајот и другата документација што ќе ја добие од банката и од друга финансиска организација, како и со преглед на другата документација со која располага народната банка, а која се однесува на работењето на банката и другата финансиска организација;

2) со непосреден преглед на деловните книги и на другата документација во банката и во друга финансиска организација.

При вршењето котнтрола од став 1 на оваа точка народната банка може да прегледа:

1) соодветна документација кај организација на здружен и труд и кај друг учесник во девизното работење и кредитните односи со странство;

2) деловните книги и друга документација на крајните корисници на средствата добиени по основот од чл. 19, 20, 20а, 21 и 32 од Законот за Народнита банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини.

4. Народната банка е должна да обезбеди постојано и навремено да се врши контрола од точка 3 став 1 одредба под 1) на оваа одлука.

Ако врз основа на извршената контрола од став 1 на оваа точка се утврди дека банката односно друга финансиска организација не се придржувала кон прописите, народната банка е должна веднаш, а најдоцна во рок од седум дена од денот на приемот на извештајот и другата документација, да состави записник и да ѝ го достави на банката односно на другата финансиска организација.

Банката односно друга финансиска организација може да стави забелешки на наодот во записникот за извршената контрола, во рокот што го определила народната банка, со тоа што тој рок не може да биде подолог од осум дена од денот на доставувањето на записникот.

5. Народната банка врши контрола на примената на прописите според утврдената програма односно план за работа за определен период, и тоа со непосреден преглед на деловните книги и на другата документација во банката и во друга финансиска организација.

При вршењето контрола од став 1 на оваа точка, народната банка е должна да изврши котрола на извештајот и на другата документација што банката односно друга финансиска организција во изминатиот период ѝ ја доставила на народната банка и ако утврди дека податоците во извештојот не се точни, е должна тоа да го наведе во записникот за извршената контрола.

За извршената контрола се составува записник, што народната банка ѝ го доставува на банката односно на другата финансиска организација.

На наодот во записникот на извршената контрола банката односно друга финансиска организација може да стави забелешка во рокот што ќе го определи народната банка, со тоа што тој рок не може да биде подолг од 15 дена од денот на доставувањето на записникот.

6. Ако при вршењето контрола е извршен и преглед на документацијата кај корисникот на општествени средства од точка 3 став 2 на оваа одлука, во записникот за извршената контрола на банката односно на друга финансиска организација се внесуваат и наодите што се утврдени со тој увид, како и докази со кој тие се потврдуваат.

7. Ако банката односно другата финансиска организација, во оставениот рок за поднесување забелешки на записникот за извршената контрола од точка 4 став 3 и точка 5 став 3 на оваа одлука, не ги оспориле основано наодите во записникот или не доставила докази дека во тој рок ги отстранила неправилностите утврдени со контролата, народната банка е должна во рок од 15 дена од денот на истекот на тој рок да донесе решение со кое на банката од-

носно на другата финансиска организација ќе ѝ наложи да ги отстрани неправилностите утврдени во контролата, ќе определи рок за усогласување на работењето со прописите и ќе преземе мерки по редоследот утврден со оваа одлука. Народната банка е должна во решението да наведе дека преземената мерка спрема банката односно другата финансиска организација продолжува ако во оставениот рок не се отстранети утврдените неправилности.

За извршената контрола од точ. 2 и 3 на оваа одлука решение донесува народната банка на републиката односно народната банка на автономната покраина надлежна според седиштето на банката и другата финансиска организација.

8. Во согласност со точка 7 од оваа одлука, народната банка презема спрема банката односно другата финансиска организација мерка запирање на натамошното кредитирање и купување хартии од вредност кај народните банки.

Ако банката односно другата финансиска организација не користи средства од примарната емисија кај народните банки, народната банка спрема таа банка односно друга финансиска организација, покрај мерката запирање на натамошното кредитирање и купување хартии од вредност, презема и мерка ограничување на обемот на пласмаите.

Во решението народната банка определува рок за усогласување на работењето со прописите и рок на траење на преземените мерки од став 1 односно став 2 на оваа точка, кој не може да биде подолг од 30 дена од денот на доставувањето на решението.

Ако банката односно другата финансиска организација во текот на котролата или дополнително, пред донесувањето на решението од став 3 на оваа точка, ги отстранила неправилностите утврдени во текот на контролата и за тоа ѝ доставила на народната банка соодветни докази, за таа банка односно друга финансиска организација народната банка не донесува решение за усогласување на работењето со прописите, но, согласно со член 58 став 9 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини, поднесува пријава до надлежниот орган за дејствијата и делата што се казнуваат според законот.

9. Ако банката односно другата финансиска организација, во рокот определен со решението од точка 8 на оваа одлука, не го усогласи своето работење со прописите, народната банка е должна во рок од 15 дена од денот на истекот на тој рок да донесе решение со кое банката односно другата финансиска огранизација ќе преземе мерки ограничување на обемот на пласмаите, ограничување на задолжувањето во странство и други санкции предвидени со сојузен закон.

Ако народната банка со решението донесено во согласност со точка 8 став 2 на оваа одлука спрема банката односно другата финансиска организација презела мерка запирање на натамошното кредитирање и купување хартии од вредност и мерка ограничување на обемот на пласмаите, со решението од став 1 на оваа точка ќе преземе мерка ограничување на задолжувањето во странство и други санкции предвидени со сојузен закон.

Во решението што го донесува во согласност со ст. 1 и 2 на оваа точка, народната банка определува рок за усогласување на работењето со прописите и рок на траење на преземените мерки, кој не може да биде подолг од 30 дена од денот на доставувањето на решението.

Ако е преземена мерка ограничување на обемот на пласмаите, во смисла на оваа одлука спрема банката односно другата финансиска организација, банката односно другата финансиска организација да не може да ги зголемува пласмаите над состојбата што постоела на денот на донесувањето на решението, и ако е таа состојба над дозволениот пораст, со решението ќе ѝ се ограничат пласмаите на состојбата на дозволениот пораст.

10. Народната банка е должна да донесе решение за запирање на примената на преземените мерки ако утврди дека банката односно другата финансиска организација по донесувањето на решението за преземената мерка го усогласила своето работење со прописите.

11. Ако банката односно другата финансиска организација, во рокот определен со решението од точка 9 на оваа одлука, не го усогласила своето работење со прописите, народната банка е должна во рок од 10 дена од денот на истекот на рокот предвиден во точка 9 на оваа одлука да бара од собранието на банката односно на другата финансиска организација, во рамките на својата надлежност, да преземе мерки работењето на банката да се усогласи со прописите. Народната банка ке определи рок од 30 дена од денот на доставувањето барање до собранието на банката за усогласување на работењето со прописите, а за поднесеното барење ќе го извести собранието на општествено-политичката заедница што врши надзор над законитоста на работата на банката односно на другата финансиска организација.

Во рокот што го определило собранието на банката односно на другата финансиска организација за примена на преземените мерки заради усогласување на работењето со прописите, преземените мерки на народната банка се применуваат се додека банката односно другата финансиска организација не постапи според решението на народната банка.

Ако со мерките што ги презело собранието на банката според одредбата од став 2 на оваа точка не е обезбедено законито работење на банката односно на друга финансиска организација, народната банка е должна да пристапи кон наплата на сите свои побарувања и на банката односно друга финансиска организација да ѝ го одземе правото да врши девизно работење.

Во решението што народната банка го донесува во согласност со став 3 од оваа точка ќе се наведе дека банката односно друга финансиска организација е должна, во рок од 30 дена од денот на доставувањето на решението, да ги намири сите долгувања спрема сите народни банки, без оглед на тоа по кој основ настанале, дека ѝ се одзема правото да врши платен промет со странство, кредитни работи со странство и девизно-валутни работи во Југославија и да ги ликвидира своите работи по основ на овластувањето што ѝ е дадено да ги укине своите сметки во странство.

12. Ако народната банка со контрола утврдила дека банката односно другата финансиска организација за која во смисла на оваа одлука е донесено решение за преземена мерка и понатаму не се придржува кон прописите, народната банка со ново решение ќе наложи отстранување на утврдените неправилности и ќе определи рок за усогласување на работењето со прописите, како и рок на траење на преземената мерка, во согласност со оваа одлука.

13. Контрола на примената на прописите, во смисла на оваа одлука, првенствено се должни да вршат народните банки на републиките односно народните банки на автономните покраини што се одговорни за навремено вршење контрола, како и за преземање мерки спрема банките односно другите финансиски организации. Наместо народната банка на републиката односно народната банка на автономната покраина контрола на банката и на друга финансиска организација може да изврши Народната банка на Југославија ако се укажала потреба за определена контрола или ако народната банка на републиката односно народната банка на автономната покраина за тоа навремено се договорила со Народната банка на Југославија.

Ако народната банка на републиката односно народната банка на автономната покраина не извршила контрола на банката односно на друга финансиска организација или не презела мерки спрема банката односно другата финансиска организација, Народната банка на Југославија е должна да ја изврши таа контрола и да ги преземе тие мерки.

14. Записникот за извршената контрола, решението со кое народната банка го одбива барањето на банката за користење средстава од примарната емисија, решението за преземената мерка спрема банката односно другата финансиска организација, како и решението за запирање на траењето на преземената мерка, народната банка на републиката односно народната банка на автономната покраина е должна, истовремено со доставувањето до банката односно другата финансиска организација, да го достави и до Народната банка на Југославија.

15. Народната банка на Југославија е должна месечно да го известува Советот на гувернерите за утврдените неправилности во работењето на банките и другите финансиски организации и за мерките што ги презеле народните банки заради усогласување на нивното работење со прописите.

16. Пријавите од став 4 точка 8 на оваа одлука народната банка на републиката односно народната банка на автономната покраина ги доставува истовремено до надлежниот орган и до Народната банка на Југославија, а за нивниот исход ја известува Народната банка на Југославија тримесечно.

17. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за обезбедување еднаква постапка во примената на мерките спрема банките и другите финансиски организации („Службен лист на СФРЈ", бр. 36/80) и Одлуката за начинот на вршење девизна контрола на овластените банки од страна на народните банки на републиките и на народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 60/77).

18. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О. бр. 4
30 јануари 1985 година
Белград

Го заменува
претседателот са Советот
на гувернерите
заменик-гувернер
на Народната банка на
Југославија,
Слободан Станоевиќ, с. р.

460.

Врз основа на член 44 став 3 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и на народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 49/76, 41/81 и 26/84), во согласност со Сојузниот извршен совет, Советот на гувернерите донесува

ОДЛУКА

ЗА ОСНОВНИТЕ ОБЕЛЕЖЈА НА КОВАНИТЕ ПАРИ ОД 20, 50 И 100 ДИНАРИ

1. Кованите пари од 20, 50 и 100 динари се изработени од следните легури: 61% бакар, 19% никел и 20% цинк.

2. Апоените на кованите пари од точка 1 на оваа одлука је имаат следната тежина и пречник, и тоа:

1) апоенот од 20 динари – тежина 6,5 грама и пречник од 25 милиметри;

2) апоенот од 50 динари – тежина 7,6 грама и пречник од 27 милиметри;

3) апоенот од 100 динари – тежина 8,7 грама и пречник од 29 милиметри.

Допуштено отстапување од тежината на секое одделно парче на ковани пари до 5% над или под тежините наведени во став 1 на оваа точка.

3. Изгледот од лицето на сите апоени на кованите пари од точка 1 на оваа одлука е следниот: во средината е грбот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, околу грбот е испишан називот: „СФР Југославија", со кирилица и латиница, а на работ се наоѓа низа точки.

4. Изгледот на опачината на сите апоени на ковани пари од точка 1 на оваа одлука е следниот: во средината е бројчената ознака на вредноста. Околу бројчената ознака на вредноста се испишани зборовите: „динари", со кирилица и латиница, „динарјев" со латиница и „динари" со кирилица и годината на кованьето, а на работ се наоѓаат низа точки.

5. По обемот на кованите пари од точка 1 на оваа одлука се наоѓаат рецки.

6. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О. бр. 36
13 јуни 1985 година
Белград

Претседател
на Советот на гувернерите
гувернер
на Народната банка на
Југославија,
Радован Макиќ, с. р.

461.

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77 и 11/80), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕТО НА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ПОТЕНЦИОМЕТРИ

Член 1

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престануваат да важат југословенските стандарди кои ги имаат следните називи и ознаки:

1) Слојни обртни потенциометри тип
2. Општи технички услови — — — — — — JUS N.R3.505

2) Слојни обртни потенциометри тип
2. Испитувања — — — — — — — — — — JUS N.R3.506

донесени со Решението за југословенските стандарди за потенциометри („Службен лист на СФРЈ", бр. 55/71).

Член 2

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 07-2921/1
29 мај 1985 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за
стандардизација,
Вукашин Драгоевиќ, с. р.

462.

Врз основа на член 124 од Уставот на СФРЈ, член 579 од Законот за здружениот труд и член 8 од Законот за заштита на граѓаните на СФРЈ на привремена работа во странство, Сојузниот извршен совет, Советот на Сојузот на синдикатите на Југославија, Стопанската комора на Југославија, Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Босна и Херцеговина. Советот на Сојузот на синдикатите на Босна и Херцеговина, Стопанската комора на Босна и Херцеговина, Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Советот на Сојузот на синдикатите на Македонија, Стопанската комора на Македонија, Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Словенија, Советот на Сојузот на синдикатите на Словенија, Стопанската комора на Словенија, Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Србија, Советот на Сојузот на синдикатите на Србија, Стопанската комора на Србија, Извршниот совет на Саборот на Социјалистичка Република Хрватска, Советот на Сојузот на синдикатите на Хрватска, Стопанската комора на Хрватска, Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Црна Гора, Советот на Сојузот на синдикатите на Црна Гора, Стопанската комора на Црна Гора, Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Автонома Покраина Војводина, Советот на Сојузот на синдикатите на Војводина, Стопанската комора на Војводина, Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Автономна Покраина Косово, Советот на Сојузот на синдикатите на Косово и Стопанската комора на Косово склучуваат

ОПШТЕСТВЕН ДОГОВОР

ЗА ЗАЕДНИЧКИТЕ ОСНОВИ И МЕРИЛА ЗА САМОУПРАВНО УРЕДУВАЊЕ НА ОПРЕДЕЛЕНИ ПРАВА, ОБВРСКИ И ОДГОВОРНОСТИ НА РАБОТНИЦИТЕ ШТО ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД ГИ УПАТУВААТ НА ПРИВРЕМЕНА РАБОТА ВО СТРАНСТВО

Општи одредби

Член 1

Учесниците на овој општествен договор (во натамошниот текст: учесниците) се согласни дека, во рамките на своите права и должности, ќе преземаат мерки и активности основните организации на здружен труд, другите самоуправни организации и работни заедници (во натамошниот текст: организациите на здружен труд) што упатуваат работници на привремена работа во иста странска држава, во исто место односно во иста работна единица, со самоуправни спогодби и други самоуправни општи акти, врз заеднички основи, да уредат определени прашања што се однесуваат на организацијата и процесот на работата, начинот на самоуправно организирање и одлучување, работното време, распределбата на средствата за лични доходи, надоместите и издатоците од средствата за заедничка потрошувачка односно врз товар на материјалните трошоци, на заштитата на работниците, како и на начинот на остварување на правата, обврските и одговорностите на работниците во согласност со овој општествен договор.

Учесниците ќе се залагаат во работните единици на организациите на здружен труд и во другите форми на вршење стопански дејности во странство постојано да се подобруваат условите и организацијата на работата и доследно да се применува принципот на распределба според трудот и резултатите од трудот, да се обезбедува намалување на трошоците на работењето, поголемо вработување на нашите работници и остварување поголем доход и чист девизен прилив.

Член 2

Учесниците се согласни заедничките основи и мерила што се предмет на овој општествен договор да се однесуваат на работниците што организациите на здружен труд ги упатуваат на привремена работа во странство заради изведување на инвестициони работи, услуги и други работи, како и заради вршење на тие работи и услуги од страна на организациите на здружен труд, врз основа на договори за научна, просветно-културна и техничка соработка на Социјалистичка Федеративна Република Југославија со други држави.

Учесниците се согласни заедничките основи и мерила утврдени со овој општествен договор за личните доходи, надоместите на личниот доход и основицата за пресметка и плаќање на придонесте и даноците од личниот доход да се однесуваат и на работниците што организациите на здружен труд, стопанските комори и други општи здруженија ги упатуваат на привремена работа во странство заради: вршење задачи и работи во деловни единици или заеднички стопански претставништва, туристички организации што ги основаат во странство; стручно оспособување и остварување други видови деловно-техничка соработка; вработување во банки и други финансиски организации, во осигурителни и реосигурителни организации што тие ги основаат во странство самостојно или со странски деловен партнер. На овие работници сообразно ќе се применуваат и другите одредби од овој општествен договор.

Учесниците ќе преземаат мерки и активности организациите на здружен труд со самоуправни спогодби и други самоуправни општи акти да утврдат кои основи и мерила од овој општествен договор ќе се применуваат на работниците што тие ги упатуваат во странство заради вработување во претпријатија што ги основале самостојно или со странски деловни партнери или во странски претпријатија во кои вложиле средства.

Член 3

Учесниците, во рамките на своите права и должности, ќе преземаат мерки и активности организациите на здружен труд што своите работници ги упатуваат во странство заради вршење на исти или сродни дејности односно на исти или сродни работи и работни задачи (изведување на инвестициони работи; вршење на производствени работи, услуги и други работи; задачи и работи на деловни единици или заеднички стопански претставништва; стручно оспособување на работници во рамките на деловно-техничка соработка; работи на банки и други финансиски организации, осигурителни и реосигурителни организации основани во странство) да ги разработат и конкретизираат, со самоуправни спогодби и други самоуправни општи акти, заедничките основи и мерила утврдени со овој општествен договор, во согласност со условите на животот и работата и со другите специфичности на земјата на работа.

Начин на самоуправно организирање и одлучување

Член 4

Учесниците ќе преземат мерки и активности основните организации на здружен труд да утврдат, согласно со одредбите од Законот за здружениот труд (член 471), со статут или друг самоуправен општ акт, за кои со самоуправни права и одговорности работниците на работната единица на основната организација на здружен труд што се наоѓа во странство ќе одлучуваат на собирот на работниците, како и начинот на учество на работниците во донесувањето на одлуки со референдум и други форми на лично изјаснување, преку делегати и сл.

Член 5

Учесниците ќе преземаат мерки и активности со самоуправни спогодби и други самоуправни општи акти да

се утврдат заедничките основи и мерила за уредување на определени права, обврски и одговорности на работниците што основните организации на здружен труд ги упатуваат на привремена работа во заеднички работни единици во странство основани од страна на повеќе основни организации на здружен труд на иста работна организација или сложена организација на здружен труд.

Учесниците ќе преземаат мерки и активности заради остварување што поповолни резултати во извршувањето на заедничките работи и работни задачи односно животни и работни услови на работниците, со самоуправни спогодби и други самоуправни општи акти усогласено да ги уредат определена прашања врзани за процесот на работата во заедничката работна единица (план на работите и динамика на неговата реализација, резултати од работењето на работната единица, работно време, календар на работните денови, план за користење на годишни одмори, заштита при работата, работна дисциплина, заштита на работниците и сл.) и тие да се разгледуваат на заеднички собири на работниците на сите основни организации на здружен труд од составот на иста работна односно сложена организација на здружен труд.

Учесниците ќе преземаат мерки и активности основните организации на здружен труд на различни работни организации односно сложени организации на здружен труд што своите работници ги упатуваат на работа во иста работна единица во странство како соизведувачи, производители или кооперанти, со самоуправна спогодба и други самоуправни општи акти да ги утврдат заедничките самоуправни координациони тела што ќе ги разгледуваат прашањата од став 2 на овој член односно ќе им предлагаат на матичните организации на здружен труд донесување на соодветни одлуки.

Член 6

Учесниците ќе преземаат мерки и активности во работната единица на основната органзација на здружен труд што се наоѓа во странство да формира, во согласност со закон, совет на дисциплинска комисија за решавање за одговорност поради повреда на работните обврски на работниците во тој дел на организацијата на здружен труд, со цел да се избегнат трошоците за упатување на работниците во земјата заради водење на дисциплинска постапка (отсуствување од работа, трошоци за патување и др.) односно донесување одлука за враќање на работник на работа во земјата независно од тоа дали дисциплинската комисија на неговата матична организација на здружен труд ќе утврди постоење на одговорност односно ќе изрече мерка која подразбира и враќање на работникот во земјата (распоред на други работи односно работни задачи за определено време и престанување на работниот однос).

Учесниците се согласни дека е потребно во заеднички работни единици на повеќе основни организации на здружен труд на иста работна организација да се формира, во согласност со одредбите од Законот за здруженото труд (член 199) заеднички дисциплински совет. Кога заедничкиот дисциплински совет ќе утврди дека работникот сторил потешка повреда на работната обврска за која се изречува мерка престанување на работниот однос, надлежниот орган на матичната основна организација на здружен труд треба да донесе одлука за негово враќање во земјата заради утврдување на степенот на одговорноста од страна на нејзината дисциплинска комисија. Оваа одлука треба да се донесе и кога дисциплинскиот совет ќе реши на работникот, поради повреда на работната должност, да му се изрече мерка распоредување на други работи односно работни задачи за определено време.

Член 7

Ако поради малиот број работници (ангажирање на поединци или помали групи) нема можности за формирање на работна единица со сите елементи на самоуправно организирање, учесниците ќе преземаат мерки организациите на здружен труд односните работници за време на работата во странство навремено да ги информираат за сите прашања во врска со остварувањето на нивните права, обврски и одговорности, како и за деловните резултати на основната организација на здружен труд и за други прашања од значење за животот и работата во односната организација на здружен труд.

Работно време

Член 8

Учесниците ќе преземаат мерки и активности во работните единици на организациите на здружен труд што се наоѓаат во странство со прераспределба на работното време да се приспособуваат должината и распоредот на дневното работно време на работниците кон должината и распоредот на работното време пропишани во земјата на работата и кон нејзините климатски и други услови, како и кон динамиката на договорените работи и работниците своите слободни денови одработени во периодот во кој работеле подолго од седум часа дневно да ги користат поврзано со годишниот одмор односно во време кога стопанските активности во земјата на работа се намалуваат поради полоши климатски услови или верски и други празници што траат подолго (божиќни празници, рамазан и др.). Учесниците оценуваат дека со ваква прераспределба на работното време истовремено ќе се обезбеди поголема продуктивност и залагање на работниците на работа и ќе се создат соодветни можности за обезбедување работа на работниците што се јавуваат како вишоци на работна сила односно за вработување на невработените граѓани.

Распределба на средствата за лични доходи

Член 9

Учесниците, во рамките на своите права и должности, ќе преземаат мерки и активности организациите на здружен труд во самоуправните спогодби и другите самоуправни општи акти да обезбедат личните доходи на работниците на работните единици што се наоѓаат во странство да се уредуваат и остваруваат според основите и мерилата пропишани со самоуправната спогодба и со други самоуправни општи акти на нивната основна организација на здружен труд за утврдување на придонесот во работата по основ на текуштиот и минатиот труд и зависно од доходот што ќе го оствари основната органитзација на здружен труд.

Член 10

Учесниците, во рамките на своите права и должности, ќе преземаат мерки и активности организациите на здружен труд што изведуваат работи во иста странска држава односно на исто место на работа со самоуправна спогодба и со други самоуправни општи акти да ги утврдат заеднички основи и мерила (рамки, коефициент, процент и сл.) за утврдување на личниот доход на работниците по основ на посебни услови за работа и живот во странство односно во определена странска држава или место на работа.

Учесниците се согласни со самоуправни спогодби и со други самоуправни општи акти да се обезбеди распонот меѓу личниот доход на работникот на работа во земјата и личниот доход на работникот што е распореден на исти или слични работи и работни задачи во работна единица во странство да не биде поголем од 1:5, земајќи го за основица личниот доход што работникот во тековната година ќе го оствари според основите и мерилата за текуштиот труд, што се договорени за соодветни работи и работни задачи во самоуправната спогодба и во друг самоуправен општ акт.

Учесниците се согласни по исклучок, со самоуправни спогодби и други самоуправни општи акти, да може да се утврди и поголем распон од распонот од став 2 на овој

член, зависно од доходот што организацијата на здружен труд ќе го оствари со изведување на работите или со вршење на работи и работни задачи во странство, од условите за живот и работа и од други специфичности на земјата на работа односно од карактерот на работите и работните задачи што определени категории работници ги вршат за време на привремената работа во странство.

Учесниците ќе преземаат мерки и активности работниците на организациите на здружен труд за секоја држава на работа или група држави односно регион или место на работа во кое ги упатуваат своите работници, со самоуправни спогодби и други самоуправни општи акти да ги утврдат, во зависност условите за живот и работа, заедничките појдовни основи за вреднување на сложеноста и условите за работа на сродни работи и работни задачи и да ги конкретизираат распоните на личните доходи во рамките на распонот од став 2 на овој член и критериумите од став 3 на овој член од општествениот договор.

Член 11

Учесниците се обврзуваат, во рамките на своите права и должности, да преземат мерки и активности со кои ќе се обезбеди организациите на здружен труд со самоуправни спогодби и други самоуправни општи акти да утврдат личните доходи на работниците упатени на привремена работа во странство да се пресметуваат во југословенска валута (динари).

Учесниците ќе преземаат мерки и активности организациите на здружен труд со самоуправни спогодби и други самоуправни општи акти да го утврдат износот на делот од личниот доход што на работниците ќе им се исплатува во девизи во зависност од животните трошоци во секоја одделна земја односно од тоа дали според самоуправните општи акти се предвидени и обезбедени колективно сместување и исхрана во зависност од тоа колку ги плаќа секој одделен работник, со тоа што тој дел од личниотдоход не може да биде поголем од 70% од личниот доход.

Учесниците се согласни делот од личниот доход што работникот го остварува по основ на минат труд да се утврдува според истите основи и мерила како и за работниците на организацијата на здружен труд во земјата и да се исплатува во динари.

Учесниците ќе преземаат мерки и активности организациите на здружен труд со самоуправни спогодби и други самоуправни општи акти да утврдат обврска за навремена исплата на аконтациите на личниот доход на работниците упатени на привремена работа во странство и да се придржуваат кон утврдените рокови.

Учесниците ќе преземаат мерки и активности организациите на здружен труд да не плаќаат даноци од личните доходи и други давања на финансиските органи на земјата на работа, ако со прописите на односната земја таа обврска не е изречно утврдена.

Личен доход за работа подолга од полното работно време, за работа ноќе и во денови на празници

Член 12

Учесниците се согласни при уредувањето на основите и мерилата во самоуправните спогодби и други самоуправни општи акти организациите на здружен труд да се придржуваат кон следните мерила за утврдување на зголемувањето на личниот доход остварен за полно работно време на работниците упатени на привремена работа во странство:

– за работа подолга од полното работно време до 25%;

– за работа ноќе до 20%;

– за работа во денови на празници до 25%.

Надомести на личниот доход

Член 13

Учесниците ќе преземаат мерки и активности односно ќе предложат со законски прописи односно со општествени договори на републиките и автономните покраини, со самоуправни спогодби и со други самоуправни општи акти на организациите на здружен труд височината на надоместите на личниот доход на работниците упатени на привремена работа во странство да се уреди на следниот начин:

– за денови на празници – во височина на просечниот личен доход остварен во месецот во кој е празникот;

– за време на користење годишен одмор по основ на работа во странство – во височина на сразмерниот дел од просечниот личен доход што ќе го оствари во странство во годината во која користи годишен одмор;

– за време на отсуствување од работа со надомест на личниот доход (платено отсуство) – во височина на просечниот личен доход што ќе го оствари за претходните три месеци работа во странство;

– за време на прекин на работата до кој ќе дојде без вина на работникот – во височина од 70% од остварениот личен доход за претходните три месеци работа во странство;

– за време на привремена неспособност за работа поради болест до 30 дена – во процент од просечниот личен доход остварен во претходниот пресметковен период што е утврден со самоуправниот општ акт за работниците на односната организација на здружен труд чии места на работа се наоѓаат во земјата.

Учесниците ќе преземаат мерки и активности со самоуправни спогодби и други самоуправни општи акти да се уреди на работниците што отсуствата од став 1 на овој член ги користат во земјата на работа надоместите на личниот доход да им се исплатуваат во девизи најмногу до 70%, а на работниците што овие отсуства ги користат во Југославија надоместите да им се исплатуваат во целост во динари.

Основица за пресметка и плаќање на придонеси и даноци од личниот доход

Член 14

Учесниците ќе преземат мерки и активности односно ќе предложат органите на општествено-политичките заедници и самоуправните интересни заедници со законски прописи односно со самоуправни општи акти да утврдат основица за пресметка и плаќање придонес од личниот доход за пензиско и инвалидско осигурување, како и за остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување на работник упатен на привремена работа во странство, да биде личниот доход што работникот во тековната година ќе го оствари по основите и мерилата за текуштот и минатиот труд, намален за делот од личниот доход што тој работник го стекнува по основ на посебни услови за работа и живот во странство односно во определена странска држава или место на работа.

Учесниците се согласни дека ќе преземат мерки и активности односно ќе предложат органите на општествено-политичките заедници и самоуправните интересни заедници со законски прописи односно со самоуправни општи акти да уредат и за пресметка и плаќање на придонеси и даноци од личниот доход на работниците за задоволување на други заеднички и општи општествени потреби на работниците упатени на привремена работа во странство како основица да се зема личниот доход од став 1 на овој член.

Надомести од средствата за заедничка потрошувачка и врз товар на материјалните трошоци

Член 15

Учесниците, во рамките на своите права и должности, ќе преземаат мерки и активности на работниците упа-

тени на привремена работа во странство да им се обезбедуваат надомести од средствата за заедничка потрошувачка и врз товар на материјалните трошоци, во височината и под условите утврдени со самоуправни спогодби и друг самоуправен општ акт на организациите на здружен труд, во согласност со заедничките основи и мерила утврдени со општествените договори за доходот и личните доходи склучени во општествено–политичката заедница на чие подрачје е седиштето на организацијата на здружен труд.

Заштита на работниците

Член 16

Учесниците ќе преземаат мерки и активности организациите на здружен труд што упатуваат работници на привремена работа во иста странска држава односно во исто место на работа да ги усогласуваат мерките и активностите за обезбедување здравствена заштита на работниците, заштита при работата, сместување и исхрана, создавање услови за општествен, културно–забавен и спортски живот, за информирање, како и други видови заштита на работниците, во согласност со самоуправните општи акти и со закон.

Учесниците ќе преземаат мерки и активности организациите на здружен труд што своите работници ги упатуваат на работа во иста работна единица во странство, заради економичност и уедначување на условите за живот и работа на работниците, заеднички да организираат сместување и исхрана, здравствена заштита, културно–забавен и спортски живот, информирање за настаните во Социјалистичка Федеративна Република Југославија и во светот и за животните и работните услови во односната странска држава, општествена самозаштита и др.

Член 17

Учесниците ќе преземаат мерки и активности на работниците што се упатени на привремена работа во странство да им се обезбеди сместување и исхрана најмалку како што имаат работниците на странската држава во која се изведуваат работите, односно според условите за сместување и исхрана во земјата што се утврдени со самоуправните општи акти на организациите на здружен труд, во согласност со општествените договори и со закон.

Учесниците ќе преземаат мерки и активности да се создаваат услови организациите на здружен труд што упатуваат работници на привремена работа во странство да обезбедуваат производи и услуги од нашата земја за исхрана на тие работници.

Член 18

Учесниците се согласни дека организациите на здружен труд што упатуваат работници на привремена работа во странство во исто место односно на исто работилиште треба да обезбедат работниците да ги намируваат само ефективните трошоци за храна, а другите трошоци за организирање на заедничка исхрана (лични доходи на персоналот, простории, инвентар, енергија и сл.) треба да ги намируваат организациите на здружен труд од изворите предвидени со самоуправните општи акти и со закон.

Член 19

Учесниците се согласни организациите на здружен труд на работниците упатени на привремена работа во странство да им обезбедат организиран превоз на работа и од работа односно надомест на трошоците за превоз со средства за јавен сообраќај, под условите и во височината утврдени со самоуправни општи акти и со закон за работниците во земјата.

Учесниците се согласни дека организациите на здружен труд на работниците упатени на привремена работа во странство можат да им обезбедуваат надомест за работа на терен (теренски додаток) под условите и во височината утврдени со самоуправни општи акти и со закон за работниците во земјата.

Член 20

Ако со законските прописи на странската земја е утврдено и на работниците на нашите фирми задолжително да се применуваат определени видови заштита (во поглед на заштитата на работниците при работата, минимални лични доходи и сл.), со кои на работниците на нашите работни единици им се обезбедуваат поголеми права, учесниците се согласни организациите на здружен труд со самоуправни спогодби и со други самоуправни општи акти односните прашања да ги уредат во согласност со прописите на односната земја.

Спроведување на Општествениот договор

Член 21

Учесниците ќе преземаат мерки и активности организациите на здружен труд што упатуваат работници на привремена работа во странство да ги усогласат самоуправните спогодби и другите самоуправни општи акти со овој општествен договор најдоцна во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој општествен договор.

Учесниците ќе преземаат мерки и активност работниците на организациите на здружен труд со самоуправни спогодби и други самоуправни општи акти да предвидат органи и мерки за доследно спроведување на заедничките основи и мерила утврдени со овој општествен договор.

Член 22

Учесниците формираат Координационен одбор за следење на спроведувањето на овој општествен договор.

Во Координациониот одбор по еден член и заменик на член делегираат Сојузниот извршен совет, Советот на Сојузот на синдикатите на Југославија и Стопанската комора на Југославија а по еден член и заменик – учесниците од секоја република и автономна покраина.

Координациониот одбор го следи спроведувањето на овој општествен договор и за тоа ги известува учесниците.

Заради следење на спроведувањето на овој општествен договор учесниците во склучувањето на самоуправни спогодби и други самоуправни општи акти од член 3 на овој општествен договор ќе му ги доставуваат на Координациониот одбор на увид предлозите на тие акти.

Координациониот одбор донесува деловник за работата во кој поблиску ги уредува начинот на рабора, должината на мандатот на своите членови и други прашања значајни за својата работа.

Член 23

Иницијатива за измени и дополненија на овој општествен договор може да предложи секој од учесниците.

Иницијативата за измени и дополненија на овој општествен договор ја разгледува Координациониот одбор и со своето мислење ги запознава учесниците, кои одлучуваат дали ќе се поведе постапка врз основа на предложената иницијатива. Ако ја прифатат иницијативата, учесниците го утврдуваат начинот на изработка на нацрт и предлог на општествениот договор.

Член 24

Овој општествен договор се смета за склучен кога учесниците ќе го усвојат во идентичен текст и кога новните овластени претставници ке го потпишат.

Член 25

Овој општествен договор влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Белград, 29 мај 1985 година

За Сојузниот извршен совет,
д–р **Ѓорге Јаковлевиќ**, с.р.

За Советот на Сојузот на синдикатите на Југославија,
Алија Авдиќ, с.р.

За Стопанската комора на Југославија,
Драгое Раичевиќ, с.р.

За Извршниот совет на Собранието на СР Босна и Херцеговина,
Мато Пачак, с.р.

За Советот на Сојузот на синдикатите на СР Босна и Херцеговина,
Хусеин Ахмовиќ, с.р.

За Стопанската комора на СР Босна и Херцеговина,
Душко Цвиетиќ, с.р.

За Извршниот совет на Собранието на СР Македонија,
Андон Мојсов, с.р.

За Советот на Сојузот на синдикатите на СР Македонија,
д-р **Синиша Спасов**, с.р.

За Стопанската комора на СР Македонија,
Благое Силјаноски, с.р.

За Извршниот совет на Собранието на СР Словенија,
Петер Тош, с.р.

За Советот на Сојузот на синдикатите на СР Словенија,
Францка Херга, с.р.

За Стопанската комора на СР Словенија,
Алојз Рожман, с.р.

За Извршниот совет на Собранието на СР Србија,
Марија Тодоровќ, с.р.

За Советот на Сојузот на синдикатите на СР Србија,
Стеван Спариќ, с.р.

За Стопанската комора на СР Србија,
Стево Суша, с.р.

За Извршниот совет на Саборот на СР Хрватска,
Милан Пушкариќ, с.р.

За Советот на Сојузот на синдикатите на СР Хрватска,
Звонимир Храбар, с.р.

За Стопанската комора на СР Хрватска,
Фрањо Ракниќ, с.р.

За Извршниот совет на Собранието на СР Црна Гора,
Илија Павловиќ, с.р.

За Советот на Сојузот на синдикатите на СР Црна Гора,
Владимир Ѓурковиќ, с.р.

За Стопанската комора на СР Црна Гора,
Јован Вујошевиќ, с.р.

За Извршниот совет на Собранието на САП Војводина,
Иштван Тот, с.р.

За Советот на Сојузот на синдикатите на САП Војводина,
Иштван Рајков, с.р.

За Стопанската комора на САП Војводина,
Здравко Мутин, с.р.

За Извршниот совет на Собранието на САП Косово,
Ибис Красниќи, с.р.

За Советот на Сојузот на синдикатите на САП Косово,
Бериша Кадри, с.р.

За Стопанската комора на САП Косово,
Јунику Назми, с.р.

УСТАВЕН СУД НА ЈУГОСЛАВИЈА

ОДЛУКА

ЗА ОЦЕНА НА УСТАВНОСТА НА ЗАКОНИТЕ, ДРУГИТЕ ПРОПИСИ И САМОУПРАВНИ ОПШТИ АКТИ СО КОИ СЕ УРЕДУВА СТАПКАТА НА ИЗДВОЈУВАЊЕТО ЗА ОПШТИ ОПШТЕСТВЕНИ И ЗАЕДНИЧКИ ПОТРЕБИ ОД ДОХОДОТ НА АДВОКАТИТЕ

1. Адвокатскиот збор, од Сплит, како овластен предлагач, поведе пред Уставниот суд на Југославија постапка за оценување на уставноста на поголем број закони, други прописи и самоуправни општи акти со кои е уредена височината на стапката за плаќање даноци и придонеси од доходот на адвокатите поради тоа што вкупната збирна стапка изнесува над 86%, а за работниците од здружениот труд таа изнесува 40%, што не е во согласност со одредбата на член 31 став 1 од Уставот на СФРЈ. Предлагачот ги оспори:

– член 2 алинеја 1 од Законот за плаќање придонеси за воспитување и насочено образование и научна работа, („Народне новине", бр. 26/80 и 18/82);

– член 4 став 1 точка 5 од Законот за формирање и користење на средствата на солидарноста за отстранување на последиците од елементарни непогоди („Народне новине", бр. 13/81);

– член 30 точка 1-г од Одлуката за даноците на граѓаните („Службени гласник општине Сплит", бр. 10/82, 19/82, 1/83, 11/83, 15/83 и 16/83);

– член 3 точка 4 од Одлуката за приходите на Заедницата на општините Сплит за финансирање на општите општествени потреби („Службени гласник општине Сплит", 11/80);

– член 5 од Одлуката за средствата, нивното здружување и височината на придонесот за задоволување на заедничките потреби во 1982 година („Службени гласник општине Сплит", бр. 1/82);

– член 14 став 1 алинеја 1 од Самоуправната спогодба за насочување на здравството по намени и за спроведување здравствена заштита за 1981 и 1982 година („Службени гласник општине Сплит", бр. 3/82) и необјавените спогодби што се применуваат;

– член 3 точка 5 од Самоуправната спогодба за финансирање на подготовките за општонародна одбрана во општината Сплит за периодот од 1981 до 1985 година („Службени гласник општине Сплит", бр. 18/81);

– член 15 став 5 од Самоуправната спогодба за основите на планот на Самоуправната интересна заедница за пензиско и инвалидско осигурување на работниците на Хрватска за периодот од 1981 до 1985 година („Народне новине", бр. 30/81 и 52/83);

– член 12 од Самоуправната спогодба за средствата, нивното здружување и височината на придонесот за задоволување на личните и заедничките потреби во областа на воспитувањето и основното образование во 1984 година („Службени гласник општине Сплит", бр. 13/84);

– член 9 став 2 од Самоуправната спогодба за средствата, нивното здружување и височина на придонесот за реализација на Програмата за стандардот на учениците и студентите за 1984 година („Службени гласник општине Сплит", бр. 13/84);

– член 12 од Самоуправната спогодба за насочување на средствата по намени и за спроведување на програмата на мерките за здравствена заштита за 1984 година („Службени гласник општине Сплит", бр. 13/84);

– член 17 став 1 алинеја 3 од Самоуправната спогодба за годишната програма за задоволување на заедничките потреби во областа на заштитата на подрачјето на општината Сплит, за здружување на средства и за критериумите за слободна размена на труд за 1984 година („Службени гласник општине Сплит", бр. 13/84) и

– член 6 алинеја 3 од Самоуправната спогодба за Годишната програма за задоволување на заедничките потреби во областа на физичката култура, за здружување на средства и за критериумите за слободна размена на труд во 1984 година („Службени гласник општине Сплит", бр. 13/83).

2. Претседателството на Собранието на општината Сплит во својот одговор истакна дека не можат да се споредуваат оптоварувањата на доходот на адвокатите со оптоварувањата на доходот на работните заедници на органите односно со личниот доход на работниците на тие органи, бидејќи средствата за заедничка потрошувачка на адвокатите се признаваат во постапката за разрез како трошок на работењето и не претставуваат доход, додека средствата за заедничка потрошувачка и обврските од доходот на работните заеници во провосудните органи претставуваат доход и претставуваат основица за оданочување на доходот и за здружување на средства од доходот; дека Адвокатски збор не ги прикажал сите стапки на придонесите што ги издвојуваат организациите на здружен труд од општествените дејности, а дека придонесите за здравствено и пензиско осигурување на судиите се издвојуваат на остварените лични доходи а кај адвокатите на фиксни основици, и дека по тој основ судиите издвојувале за здравствено осигурување 47.976 динари, а за пензиско осигурување 99.805 динари, додека адвокатите за здравствено осигурување издвојувале 38.700 динари а за пензиско осигурување 81.000 динари односно дека и споредувањата на нееднакви основици даваат обратни резултати во оптоварувањето со придонеси во корист на адвокатите, а не на нивна штета.

3. Според одредбата на член 31 став 1 од Уставот на СФРЈ, работните луѓе, кои со личен труд самостојно во вид на занимање вршат адвокатска или друга професионална дејност во начело имаат иста општествено-економска положба и во основа исти права и обврски како и работниците во организациите на здружен труд, а според одредбата на член 195 од Уставот на СФРЈ секој е должен под еднакви услови и сразмерно со своите материјални можности да придонесува за задоволување на општите општествени потреби.

Околноста што вкупната збирна стапка на сите издвојувања од доходот на адвокатите е поголема од стапката на издвојувањата од личниот доход на работниците во здруженот труд, според оцената на Уставниот суд на Југославија, не дава основ за заклучок дека со тоа е повредена одредбата содржана во член 31 став 1 од Уставот на СФРЈ, во која, помеѓу другото, е предвидено работните луѓе, кои со личен труд самостојно вршат соодветна професионална дејност, да имаат „во начело иста општествено-економска положба" како и работниците во здруженот труд, бидејќи тој уставен принцип не може да се толкува така што според него општествено-економската положба на тие две категории работници и работни луѓе мора да биде сосема идентична, а во конкретниов случај, и основиците на кои се применуваат пропишаните стапки се различни. Според тоа, определувањето на височината на поединечната или збирната стапка на даноците и придонесите е работа на целесообразност, што ја оценува собранието на општествено-политичката заедница односно собранието на самоуправната интересна заедница која, согласно со одредбата на член 264 став 1 и член 51 од Уставот на СФРЈ, е овластена тие односи да ги уредува.

Притоа Судот имаше предвид дека и со ваквото уредување на општествените односи не се доведува во прашање еднаквоста и рамноправноста на овие субјекти, што се остваруваат со утврдување на еднакви права и обврски под исти услови. Бидејќи работниците во здруженот труд и адвокатите не остваруваат доход под исти услови, нити имаат во сé еднакви и други права и обврски, со оспорените прописи можеле да се уредат нивните обврски за плаќање даноци и придонеси на начинот како што е тоа сторено.

4. Уставниот суд на Југославија, на седницата одржана на 22 мај 1985 година, врз основа на член 375 став 1 точ. 1 и 4 од Уставот на СФРЈ и член 35 од Деловникот на Уставниот суд на Југославија, без одржување на јавна расправа, со мнозинство гласови донесе,

Одлука

Се одбива предлогот на овластениот предлагач да се утврди дека одредбите на оспорените закони, други прописи и самоуправни општи акти не се согласни со Уставот на СФРЈ.

Оваа одлука Уставниот суд на Југославија ја донесе во состав: претседател на Уставниот суд на Југославија д-р Јосиф Трајковиќ и судии: Божидар Булатовиќ, д-р Васил Гривчев, д-р Александар Фира, д-р Стана Ѓукиќ-Делевиќ, Иван Франко, Славко Кухар, Радко Мочивник, Воислав Ракиќ, Јаким Спировски, Милосав Стиовиќ и Рамадан Враниќи.

У. бр. 139/84
22 мај 1985 година
Белград

Претседател
на Уставниот суд на
Југославија,
д-р **Јосиф Трајковиќ**, с. р.

ОДЛУКА

ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА УСТАВНОСТА НА ЧЛЕН 17 ПОД Е ОД ПРАВИЛНИКОТ ЗА ДАВАЊЕ СТАНОВИ НА КОРИСТЕЊЕ И КРЕДИТИ ЗА СТАНБЕНА ИЗГРАДБА НА СОЈУЗНИОТ ДЕВИЗЕН ИНСПЕКТОРАТ ОД 30 ЈУНИ 1982 ГОДИНА

1. Со оспорената одредба на член 17 под Е од Правилникот е пропишано дека за секоја година работен стаж, остварен во Сојузниот девизен инспекторат, работникот добива 5 бодови, а за секоја година работен стаж надвор од Сојузниот девизен инспекторат работникот добива 3 бода.

2. Оценувајќи ја уставноста на оспорената одредба, Уставниот суд на Југославија, на седницата одржана на 12 јуни 1985 година, врз основа на член 375 од Уставот на СФРЈ и член 36 од Деловникот на Уставниот суд на Југославија, со мнозинство на гласови донесе

Одлука

1. Се укинува член 17 под Е од Правилникот за давање станови на користење и кредити за станбена изградба на Сојузниот девизен инспекторат од 30 јуни 1982 година.

2. Причините за оваа одлука се дадени во одлуката на Уставниот суд на Југославија У. бр. 144/79 од 5 октомври 1983 година, што е објавена во „Службен лист на СФРЈ", бр. 59/83.

3. Оваа одлука ќе се објави во „Службен лист на СФРЈ" и на начинот на кој е објавен оспорениот самоуправен општ акт.

Оваа одлука Уставниот суд на Југославија ја донесе во состав: претседател на Уставниот суд на Југославија д-р Јосиф Трајковиќ и судии: Воислав Ракиќ, Мустафа Сефо, д-р Стана Ѓукиќ-Делевиќ, Душан Штрбац, Иван Франко, Јаким Спировски, Славко Кухар, Радко Мочивник, Милосав Стијовиќ, Рамадан Враниќи и Божидар Булатовиќ.

У бр. 172/84
12 јуни 1985 година
Белград

Претседател
на Уставниот суд на
Југославија,
д-р **Јосиф Трајковиќ, с.р.**

НАЗНАЧУВАЊА И РАЗРЕШУВАЊА

Врз основа на член 236 став 2 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78, 21/82 и 18/85), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ГЛАВЕН СОЈУЗЕН ВОЗДУХОПЛОВЕН ИНСПЕКТОР

За главен сојузен воздухопловен инспектор се назначува Душан Мургашки, досегашен заменик на главниот сојузен воздухопловен инспектор, со 1 септември 1985 година.

С. п. п. бр. 547
13 јуни 1985 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Милка Планинц, с. р.

Врз основа на член 244 став 1 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78, 21/82 и 18/85), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОТСЕКРЕТАР ВО СОЈУЗНИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ФИНАНСИИ

За потсекретар во Сојузниот секретаријат за финансии се назначува Егон Падован, досегашен помошник на сојузниот секретар за финансии.

С. п. п. бр. 627
13 јуни 1985 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Милка Планинц, с. р.

Врз основа на член 244 став 1 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78, 21/82 и 18/85), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА СОЈУЗНИОТ ЗАВОД ЗА ЦЕНИ

За помошник на директорот на Сојузниот завод за цени се назначува Борислав Божовиќ, досегашен секретар во Сојузната заедница за работи на цените.

С. п. п. бр. 636
23 мај 1985 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Јанез Земљарич, с. р.

Врз основа на член 167 став 2 и член 244 став 1 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78, 21/82 и 18/85), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ СОВЕТНИК НА ГЕНЕРАЛНИОТ ДИРЕКТОР НА СОЈУЗНИОТ ЗАВОД ЗА ОПШТЕСТВЕНО ПЛАНИРАЊЕ

Се разрешува од должноста советник на генералниот директор на Сојузниот завод за општествено планирање Љубо Бркановиќ, поради исполнување на условите за престанок на работниот однос по сила на законот.

На именуваниот му престанува работниот однос на 30 јуни 1985 година.

С. п. п. бр. 697
6 јуни 1985 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Милка Планинц, с. р.

Врз основа на член 244 став 1 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78, 21/82 и 18/85), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОТСЕКРЕТАР ВО СОЈУЗНИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ПАЗАР И ОПШТИ СТОПАНСКИ РАБОТИ

За потсекретар во Сојузниот секретаријат за пазар и општи стопански работи се назначува м-р Милутин Радовановиќ, потсекретар во Републичкиот комитет за стоковен промет и туризам на СР Босна и Херцеговина.

С. п. п. бр. 699
13 јуни 1985 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Милка Планинц, с. р.

Врз основа на член 244 став 1 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78, 21/82 и 18/85), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОЈУЗНИОТ КОМИТЕТ ЗА ЗАКОНОДАВСТВО

За советник на претседателот на Сојузниот комитет за законодавство се назначува Његош Пајовиќ, досегашен советник на претседателот на тој комитет.

С. п. п. бр. 700
13 јуни 1985 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Милка Планинц, с. р.

Врз основа на член 244 став 1 а во врска со член 415 ст. 3 и 4 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78, 21/82 и 18/85), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОЈУЗНИОТ ИЗВРШЕН СОВЕТ

За советник на претседателот на Сојузниот извршен совет се назначува Тихомир Стефановиќ, досегашен помошник на сојузниот секретар за информации.

С. п. п. бр. 701
13 јуни 1985 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Милка Планинц, с. р.

Врз основа на член 244 став 1 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78, 21/82 и 18/85), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОЈУЗНИОТ КОМИТЕТ ЗА ЗАКОНОДАВСТВО

За помошник на претседателот на Сојузниот комитет за законодавство се назначува Миодраг Гаинов, досегашен помошник на претседателот на тој комитет.

С. п. п. бр. 702
13 јуни 1985 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Милка Планинц, с. р.

Врз основа на член 241 став 1 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78, 21/82 и 18/85), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОЈУЗНИОТ КОМИТЕТ ЗА ТРУД, ЗДРАВСТВО И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

За помошник на претседателот на Сојузниот комитет за труд, здравство и социјална заштита се назначува Добросав Стевановиќ, самостоен советник во Сојузниот комитет за труд, здравство и социјална заштита.

С. п. п. бр. 703
13 јуни 1985 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Милка Планинц, с. р.

Врз основа на член 241 став 5 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78, 21/82 и 18/85), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОТСЕКРЕТАР ВО СОЈУЗНИОТ ИЗВРШЕН СОВЕТ

За потсекретар во Сојузниот извршен совет се назначува Светислав Симоновиќ, досегашен помошник на генералниот секретар на Сојузниот извршен совет.

С. п. п. бр. 704
13 јуни 1985 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Милка Планинц, с. р.

Врз основа на член 244 став 1 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78, 21/82 и 18/85), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОТСЕКРЕТАР ВО СОЈУЗНИОТ КОМИТЕТ ЗА ТРУД, ЗДРАВСТВО И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

За потсекретар во Сојузниот комитет за труд, здравство и социјална заштита се назначува Владимир Ковачевиќ, досегашен потсекретар во Сојузниот секретаријат за пазар и општи стопански работи.

С. п. п. бр. 705
13 јуни 1985 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Милка Планинц, с. р.

Врз основа на член 167 став 2 и член 236 став 2 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78, 21/82 и 18/85), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА ГЛАВНИОТ СОЈУЗЕН ВОЗДУХОПЛОВЕН ИНСПЕКТОР

Се разрешува од должноста главен сојузен воздухопловен инспектор Ранко Мраковиќ, со 31 август 1985 година, поради заминување во пензија.

На именуваниот му престанува работниот однос на 31 август 1985 година.

С. п. п. бр. 706
13 јуни 1985 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Милка Планинц, с. р.

Врз основа на член 167 став 2 и член 244 став 1 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78, 21/82 и 18/85), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ПОМОШНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА СОЈУЗНАТА УПРАВА ЗА ЦАРИНИ

Се разрешува од должноста помошник на директорот на Сојузната управа за царини Милан Миланко, поради исполнување на условите за престанок на работниот однос по сила на законот.

На именуваниот му престанува работниот однос на 30 јуни 1985 година.

С. п. п. бр. 707
6 јуни 1985 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Милка Планинц, с. р.

Врз основа на член 73 став 4 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и на народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 49/76, 41/81 и 26/84), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ВИЦЕГУВЕРНЕР НА НАРОДНАТА БАНКА НА ЈУГОСЛАВИЈА

За вицегувернер на Народната банка на Југославија се назначува Лазар Дракул, досегашен директор во Сојузниот завод за општествено планирање.

С. п. п. бр. 708
6 јуни 1985 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Милка Планинц, с р.

По извршеното сравнување со изворниот текст е утврдено дека во текстот на Самоуправната спогодба за регулирање на лекувањето на осигурениците на СФРЈ во странство објавен во „Службен лист на СФРЈ" бр. 15/85, се поткрала долунаведената грешка, па се дава

ИСПРАВКА

НА САМОУПРАВНАТА СПОГОДБА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЛЕКУВАЊЕТО НА ОСИГУРЕНИЦИТЕ НА СФРЈ ВО СТРАНСТВО

– Во член 8 став 7 наместо зборовите: „се исплатуваат и за" треба да стојат зборовите: „се исплатуваат за".

Од стручната служба на Сојузот на заедниците за здравствено осигурување и здравство на Југославија, Белград.

СОДРЖИНА:

Страна

444. Закон за супергаранција на федерацијата за обврските на Конзорциумот на југословенските банки за финансирање на изградбата на трансјуголовенскиот автопат „Братство-единство", како гарант по III заем од Европската инвестициона банка за делумно финансирање на изградбата на одделни делници на трансјуголовенскиот автопат „Братство-единство" — — — — 1037
445. Закон за дополненија на Законот за обезбедување дел од средствата за финансирање на сојузните стоковни резерви на индустриски производи — — — — — — 1038
446. Одлука за потврдување на Завршната сметка и на Извештајот за работењето на Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини за 1984 година — — — — — — — — — — — — — — 1038
447 Одлука за усвојување на иницијативата Собранието на СФРЈ да биде учесник во склучувањето на Општествениот договор за обезбедување на дел од средствата за финансирање на Програмата за работа на Југословенскиот центар за теорија и практика на самоуправувањето „Едвард Кардељ" во Љубљана — — — 1038
448. Одлука за усвојување на иницијативата Собранието на СФРЈ да биде учесник во склучувањето на Општествениот договор за обезбедување средства за регрес за вештачки ѓубрива и за средства за заштита на растенијата од 1986 до 1990 година и за условите и начинот на користењето на тие средства — — — — — — 1039
449. Одлука за разрешување и именување на заменик на сојузниот секретар за народна одбрана — — — — — 1039
450. Одлука за избор на судија-поротник на Сојузниот суд 1039
451. Одлука за разрешување и именување заменик на сојузниот јавен правобранител — — — — — — — — — 1040
452 Одлука за измени и дополненија на Одлуката за именување претседател на Одборот за Наградата на Антифашистичкото веќе на народното ослободување на Југославија и за објавување на составот на тој одбор 1040
453 Уредба за забрана на промет на месо од подмладок на добиток — — — — — — — — — — — — — — — — 1040
454 Одлука за утврдување на количината и вредноста на стопанскиот инвентар и на другите предмети врз кои при увозот се применуваат царински повластици — 1041
455. Одлука за утврдување на предметите и количествата и на вредностите на предметите на кои при увозот на стоки се применуваат царинските повластици — — 1041
456. Одлука за измена на Одлуката за привремено распоредување на определени стоки на одделни форми при извозот и увозот, за начинот на утврдување и распределба на контингентите за извоз и увоз на стоки распоредени на тие форми и за утврдување на аванси за извозот и увозот на тие стоки — — — — — — — — — 1043
457. Одлука за утврдување на видот, вредноста и количината на стоки што можат да се продаваат во слободните царински продавници — — — — — — — — — — 1046
458 Одлука за зголемување на височината на конзуларните такси — — — — — — — — — — — — — — — — — 1047
459 Одлука за начинот на вршење контрола на работењето и за обезбедувањето еднаква постапка во примената на мерките спрема банките и другите финансиски организации — — — — — — — — — — — — — — — — 1049
460 Одлука за основните обележја на кованите пари од 20, 50 и 100 динари — — — — — — — — — — — — — — — 1051
461 Правилник за престанок на важењето на југословенските стандарди за потенциометри — — — — 1051
462 Општествен договор за заедничките основи и мерила за самоуправно уредување на определени права, обврски и одговорности на работниците што организациите на здружен труд ги упатуваат на привремена работа во странство — — — — — — — — — — — — — — 1052
Одлука за оцена на уставноста на законите, другите прописи и самоуправни општи акти со кои се уредува стапката на издвојувањето за општи општествени и заеднички потреби од доходот на адвокатите — — — — 1056
Одлука за оценување на уставноста на член 17 под Е од Правилникот за давање станови на користење и кредити за станбена изградба на Сојузниот девизен инспекторат од 30 јуни 1982 година — — — — — — — 1057
Назначувања и разрешувања — — — — — — — — — — — — 1058
Исправка на Самоуправната спогодба за регулирање на лекувањето на осигурениците на СФРЈ во странство — 1060

Издавач: Новинско-издавачка установа Службен лист на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Белград, Јована Ристиќа бр. 1. Пошт. фах. 226. – Директор и главен и одговорен уредник Вељко Тадиќ. – Печати: Новинско-издавачка установа Службен лист на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Белград, Јована Ристиќа бр. 1.